ЦЕНТАР ЗА ЗДРУЖЕНИ ВОЗДУШНИ СИЛИ | НОВИ БЕЗБЕДНОСНИ ПРЕДИЗВИЦИ | АВИОН „KAI T-50 GOLDEN EAGLE“ | „ACV 1.1“

# ШТИТ

Број 142
Август 2021
ISSN 1857-6710

**МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

## 19 години чувари на мирот во Авганистан
## Свечен дочек на мировниците во касарната „Илинден“










# Заврши придонесот во „Одлучна поддршка“ во

Припадниците кои учествуваа во последната ротација во мисијата „Одлучна поддршка“ во Авганистан успешно ја завршија својата мисија и сите живи и здрави се вратија дома. По повод враќањето на мировниците од последната ротација се одржа свечена церемонија во касарната „Илинден“ на која присуствуваа претседателот на Република Северна Македонија и врховен командант на Армијата, Стево Пендаровски, министерката за одбрана Радмила Шекеринска, началникот на Генералштабот, генералот Васко Ѓурчиновски, заменикот-министер за одбрана Башким Хасани, амбасадорите на САД, Кејт Мери Брнс и на Турција Хасан Мехмед Секизкок, генералите во Армијата и претставници на военодипломатскиот кор. „Почитувани мировници, добредојдовте дома! Ви благодарам за службата, за храброста, за издржливоста. Ви благодарам за сето ваше залагање, знаење и мотивација и за способноста што ја покажавте. Го потврдивте она што ние го знаеме, но сакавме да им го покажеме и на другите, а тоа е дека вие сте војниците на Армијата на Северна Македонија на кои НАТО Алијансата може да се потпре“, рече министерката за одбрана Радмила Шекеринска во своето обраќање до припадниците. Во обраќањето таа потенцираше дека членството на земјата во НАТО е заслуга и на ангажманот на над 3500 армиски припадници во мисиите „Одлучна поддршка“ и „ИСАФ“ во Авганистан. „Ова го кажувам не дипломатски, не формално, туку навистина од срце. Вие бевте не само влезница за сите нас да можеме да ја претставиме државата во НАТО. Вие бевте влезницата на Република Северна Македонија да пристапи кон најмоќната воено-политичка алијанса. Покрај сите политички напори, вашата жртва, вашиот ризик, вашата одговорност, вашата работа, беше она што нè претстави во најдобро светло. И, затоа, дозволете ми, и во мое име



# мисијата Авганистан

и во име на Министерството, и во име на Владата, но и во име на сите граѓани, да ви се заблагодарам за големата жртва што ја направивте. Тоа беше голем адут кога ги биевме последните битки да станеме членка на НАТО. Не постоеше состанок, средба, со претставник на НАТО или со членка на Алијансата, а да не биде споменат вашиот придонес, да не биде споменато нашето знаме коешто се вееше долги години во Кабул и во сите други команди“, рече министерката Шекеринска.
Претседателот Пендаровски во своето обраќање истакна дека политичката одлука да се испратат наши војници во странство секогаш е една од најтешките дилеми, но дека од оваа перспектива, одлуката за учество во мисиите во Алијансата била вистинската.
Првиот командант на контингент на Армијата во ИСАФ, потполковникот Фето Бајрами, порача дека духот, пожртвуваноста и заложбите на припадниците на Армијата да помогнат во изградбата на мирот во Авганистан секогаш биле на највисоко ниво. „Предизвикот дека ќе ја претставуваме нашата армија, нашата држава, во тоа време аспирант за членство во НАТО Алијансата, беше огромен. Но, одлучноста во нас, проследена со неизмерна работа, обука, извежбување, придонесоа за достојно трасирање на патот за идните генерации на наши колеги кои продолжија да бележат успеси во мисиите во Авганистан“, рече Бајрами.







# содржина

ШТИТ ▪ година XIII ▪ број 142 ▪ август 2021


Инфо 5

НАТО активности
**Центар за здружени воздушни сили** 6

На прва линија
**Трошоците во одбраната на Република Северна Македонија во периодот 2013 – 2020 година** 8

Глобал
**Тероризмот, конфликтите и градење на мирот** 12

Од дневникот на мировникот
**За честа на татковината**
**Дел од животот, посветен на авганистанската прашина** 16

Глобал
**Нови безбедносни предизвици**
**Когнитивна војна** 20

Мировни мисии
**Под знамето на ОН**
**Партнерства во исполнувањето на мировните мисии** 24

Вооружување
**„Lockheed P – 38 Lightning“** 27

Вооружување
**Пиштол „Beretta Px4 Storm“** 32

Вооружување
**Авион „KAI T-50 Golden Eagle“** 34

Воена едукација
**Експлозија и експлозивни материи** 42

Глобал
**Северната дистрибуциска мрежа и Руската рута– Столб на снабдувањето на ИСАФ** 45

Филм
**„Скриен живот“** 56

**Црното Езеро – едно од најубавите скриени езера во Македонија** 58

# Посакуван партнер во сферата на одбранбената соработка

Месецот што измина беше во знакот на неколку значајни настани за кои пишуваме во овој број на „Штит“. Секако дека враќањето на мировниците од последната ротација на македонски контингенти кои придонесуваа во мисијата „Одлучна поддршка“ е еден од позначајните настани. После 19 години континуирано присуство во Авганистан, македонските припадници за последен пат беа свечено дочекани од Авганистан. Мировниците беа дочкани од највисоките државни претставници со свечена церемонија во касарната „Илинден“. Започнавме со придонес во Авганистан во далечната 2002 година како земја партнер и кандидат за членство во НАТО, а денес ги дочекавме своите припадници како земја членка на НАТО, која има потенцијал и капацитети за секој нареден предизвик во рамките на Алијансата.
Ќе споменеме дека во месецот што измина беа потпишани договори и меморандуми за соработка во сферата на одбраната и беа остварени работни посети во земји со кои се планира одбранбена соработка во различни области. Министерката за одбрана Радмила Шекеринска и амбасадорката на Обединетото Кралство Рејчел Галовеј потпишаа Меморандум за разбирање кој овозможува стационирање на тим од британски офицери на „Криволак“, задолжени за координација на обуката на одбранбените сили на Северна Македонија и регионот. Тимот ќе го поддржи и ќе го зајакне нашиот регионален воен ангажман со поблиско координирање на обезбедувањето на нашата воена обука и ќе има клучна улога во гарантирањето дека армискиот полигон „Криволак“ ги исполнува потребите на НАТО. Се потпиша Протокол за донација на пушки помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Република Турција, со кој се овозможува поголема интероперабилност на припадниците на двете армии при извршување на заедничките активности во мировни операции. Министерката за одбрана оствари посета на Република Грција, каде имаше средба со грчкиот министер за одбрана Николаос Панајотопулос. На средбата беше потврдено дека соработката во рамките на потпишаниот договор за билатерална соработка во одбраната се интензивира и надградува секој ден и беше констатирано дека Северна Македонија и Грција отворија поглавје на сојузништво во интерес на двете земји, но и на целиот регион. Министерката за одбрана за прв пат оствари официјална посета на Португалија, каде беше дочекана од португалскиот колега Жао Гомеш Кравињу со највисоки почести и свечена церемонија. Министерката, на средбата со португалскиот министер за одбрана, се осврна на плановите за воена интеграција на Северна Македонија во НАТО, како и на можностите кои ги нуди воениот полигон „Криволак“, кој се развива и како капацитет на Алијансата. Министерот Кравињу го потврди интересот за воспоставување Договор за билатерална соработка и истакна дека Португалија високо ги цени постигнувањата на Северна Македонија на планот на членството во НАТО и придонесот што го дава во регионалната безбедност и стабилност.
Ќе заклучиме дека како земја членка на НАТО веќе ги чувствуваме придобивките од можностите за проширување на соработката во сферата на одбраната со земјите членки. Со овие активности уште еднаш покажавме дека Република Северна Македонија е држава која е посакуван партнер за соработка и држава која интензивно вложува во вредностите на Алијансата.

д-р Жанет Ристоска

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**м-р Иван Атанасоски,полковник**

Заменик-претседател на Издавачкиот совет
д-р Тони Петрески

Членови на Издавачкиот совет:
Лидија Јанчова Христова
Соња Крамарска
Афрдита Волина
Тони Јаневски,потполковник
Лилјана Петреска,потполковник
Виолета Костадинова,потполковник
Билјана Иванова
д-р Жанет Ристоска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:
Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар, фотографии)




ШТИТ
е магазин на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија

**Излегува еднаш во месецот на web-страницата на Министерството за одбрана www.mod.gov.mk**

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
www.mod.gov.mk;

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.



# Прва официјална посета на Португалија

Делегација од Министерството за одбрана и од Армијата на Република Северна Македонија, предводена од министерката за одбрана Радмила Шекеринска, оствари дводневна посета на Португалија. Шекеринска беше дочекана од португалскиот колега Жао Гомеш Кравињу со највисоки почести и свечена церемонија на која интонирањето на нашата државна химна беше проследено со почесни плотуни од страна на воената морнарица. Заблагодарувајќи се на поканата за посетата, министерката Шекеринска изрази надеж дека Договорот за билатерална соработка во одбраната наскоро ќе биде потпишан и дека двете држави ќе имаат успешна соработка. „Португалија беше меѓу првите држави кои ја почнаа ратификацијата на протоколот за нашиот прием во НАТО, што го сметаме за исклучително пријателски чин и политичка волја за поддршка на Северна Македонија. Уверена сум дека тоа создаде добра основа да развиваме искрена и плодна соработка како сојузници во Алијансата“, рече министерката Шекеринска на средбата.Министерката го запозна португалскиот колега со плановите за воена интеграција на земјава во НАТО која треба да заврши до крајот на оваа година, како и со можностите кои ги нуди воениот полигон Криволак, кој го развиваме и како домашен и како капацитет на Алијансата. Министерот Кравињу го потврди интересот за воспоставување Договор за билатерална соработка и рече дека Португалија високо ги цени постигнувањата на Северна Македонија на планот на членството во НАТО и



придонесот што го дава во регионалната безбедност и стабилност. Тој ги поздрави заложбите за почеток на преговори со ЕУ на нашата земја и истакна дека местото на земјите од Западен Балкан е во ЕУ. Двајцата министри договорија заеднички вежби на специјалните сили и поголема соработка во сајбер-одбраната, за што министерот Кравињу изрази подготвеност да дадат поддршка и преку програмата PESCO чии активности ги координира Португалија. Делегацијата на Министерството за одбрана и Армијата ја посети и Командата за здружени операции - оперативно седиште за НАТО, ОН и ЕУ мисии во странство, каде имаше брифинг и разговори со началникот на Генералштабот на португалските вооружени сили, адмирал Антонио Силва Риберо. Исто така, делегацијата ги посети и НАТО академијата за комуникации и информации, како и воената школа за обуки и тренинзи за странски мисии, пешадија, механизирани единици и артилерија.

# Работна посета на Латвија

Министерката Радмила Шекеринска, заедно со министрите за одбрана на Словенија, Матеј Тонин и на Црна Гора, Оливера Ињац, престојуваше во еднодневна работна посета на Латвија. Можностите за вклучување на Северна Македонија во т.н. „Зајакнато истурено присуство“ на Алијансата во Латвија, во рамките на словенечкиот контингент беше една од темите на која разговараа министрите за одбрана на Северна Македонија, Радмила Шекеринска, на Словенија, Матеј Тонин, и на Црна Гора, Оливера Ињац, во рамки на работната посета, чиј домаќин беше министерот за одбрана на Латвија, Артис Пабрикс. „Северна Македонија, како посветен НАТО сојузник, целосно ги поддржува вредностите на Алијансата и цврсто верува во столбот на НАТО-колективната одбрана и подготвеноста заеднички да се гарантира мирот и стабилноста на целата Евроатлантска област“, рече министерката Шекеринска при посетата на воената база Адаџа каде тројцата министри извршија обиколка и имаа средби со војниците и командната структура. Министерката порача дека Армијата, со учеството во мисијата КФОР на Косово, веќе дава свој значаен придонес кон регионалната



стабилност, но и дека постои подготвеност заедно со Словенија и со Црна Гора да преземеме дел од одговорностите и во рамките на борбената група на Алијансата во Латвија. „Одличното досегашно искуство во заедничките регионални процеси, како и заедничкиот регионален придонес во мисиите ИСАФ и ’Одлучна поддршка’ во Авганистан, се доказ дека балканските земји-сојузници во НАТО, функционираат одлично во заеднички контингенти и дека придобивка од ова заедничко учество би имале и трите држави од регионот, но и целата Алијанса“, рече министерката Шекеринска и додаде дека Северна Македонија, Црна Гора и Словенија имаат одлична меѓусебна билатерална соработка која го отвори патот за заеднички придонес и во „Зајакнато истурено присуство“.

# Северна Македонија и Грција се искрени и посветени сојузници во НАТО

Министерката за одбрана Радмила Шекеринска оствари работна средба со грчкиот колега, министерот за одбрана Николаос Панајотопулос. За време на средбата двајцата министри се осврнаа на Планот за билатерална соработка во одбраната за 2021 година, кој опфаќа седумдесетина активности, од кои дел ќе се одржат во Грција, а дел во Северна Македонија, што претставува доказ за позитивниот дух на соработката меѓу двете земји во одбраната и пошироко. Средбата се одржа во рамки на Меѓународната изложба за одбрана и безбедност која се реализира во Грција, на која присуствуваше делегација од МО и Армијата на Република Северна Македонија.
Двајцата министри ја потенцираа соработката во рамки на НАТО мисијата „Air-policing“ како сигнал за сојузништво и



висока доверба меѓу двете држави. Министерот Панајотопулос рече дека Грција е партнер и сојузник на Северна Македонија во одбраната, и додаде дека ќе продолжи да ја поддржува нашата земја и во ЕУ. Министерката оствари средба и со Хајди Грант, директорка на американската Агенција за соработка во одбраната и безбедноста, која е дел од Министерството за одбрана на САД. На состанокот стана збор за тековните активности меѓу Северна Македонија и САД во делот на модернизацијата на нашата одбрана и набавките на опрема по принципот „влада со влада“.




# ЦЕНТАР ЗА ЗДРУЖЕНИ ВОЗДУШНИ СИЛИ

Центрите на извонредност помагаат во развојот на доктрината, вршат идентификација на научените лекции, ги подобруваат интероперабилноста и способностите и вршат тестирање и верификација на концептите преку експериментирање. Преку овие центри се врши избегнување на дуплирање на средствата, ресурсите и можностите во Алијансата. Центрите покриваат широк спектар на области како што се: воздушни и вселенски центри, цивилно-воени операции, сајбер-одбрана, воена медицина, енергетска безбедност, поморско војување, одбрана од тероризмот, обука за операции во ладни временски услови и многу други.
Центарот за здружени воздушни сили (Joint Air Power Competence Centre – JAPCC) со седиште во Калкар, Германија, нуди разработка на операциите на Алијансата преку развивање и унапредување на нови идеи за командување, контрола и употреба на воздушните ресурси од

Во НАТО постојат и успешно функционираат одредени центри преку кои се согледуваат искуствата и практиката и се врши обука за идните човечки капацитети на Алијансата. Центрите на извонредност (Centres of Excellence) се меѓународни воени организации, кои ги обучуваат и едуцираат лидерите и специјалистите на државите од земјите-членки и партнерите на НАТО

сите видови во вооружените сили. Извршен директор на Центарот е генерал-потполковник Klaus Habersetzer, а директор е генералот Jeffrey L. Harrigian, командант на воздухопловството во НАТО (AIRCOM).
За секое основање и функционирање на специјализирани стручни тела и институции во НАТО е потребно потпишување на Меморандум за разбирање. Формирањето и надлежноста на Центарот за здружените воздушни сили од 2005 година е спонзориран од 16 нации на НАТО, кои обезбедуваат искусни експерти од сите видови во вооружените сили (копнена, поморска и воздушна компонента). Центарот не е ограничен од потребата за консензус или од одредени политичко-економски влијанија во развивањето идеи и стратегии. Може да понуди независен воен совет до седиштото на НАТО и до националните тела за креирање политика.Активностите на Центарот, генерално, се насочени кон НАТО командите (Allied Command Operations, Allied Command Transformation, NATO Joint Commands и Air Command), како и кон нациите кои се спонзори на Центарот. Тој прифаќа барања за поддршка и од

други инволвирани субјекти преку зголемување на врските со индустријата и академската заедница. Центарот спроведува кооперативно истражување во областите во кои се бара совет и асистенција од Центарот, користејќи ја нивната независна глобална мрежа на експерти која се протега во вооружените сили, академските и индустриските сфери. Како резултат на анализата и решенијата, се објавуваат студии, извештаи, натписи во списанија и се реализираат семинари, панели и конференции.

Во текот на 2020 година, JAPCC понуди експертиза во развој на концептот на Алијансата (Warfighting Capstone Concept), соработувајќи тесно со двете стратешки команди на НАТО (ACT и ACO). Центарот ја објави и повеќегодишната студија за еволуција на блиска воздушна поддршка (Close Air Support). Покрај тоа, тимот обезбеди детаљна анализа на чешкото тактичко воено воздухопловство (како одговор на нивното барање за поддршка), нудејќи неколку опции за нивните воздушни сили, во согласност со националните потреби и побарувањата на НАТО.

Воздухопловниот тим на Центарот продолжи да обезбедува широка поддршка на NATO Joint Warfare Center во развојот на ново сценарио за вежби што се користеше за вежбата „Steadfast Jupiter-Jackal“. Неговите членови учествуваа и за време на подготовката на вежбата „Ramstein Ambition“. Центарот за здружените воздушни сили се концентрира на развојот и новиот пристап за покривање на здружени операции на сите домени во НАТО (NATO Joint All Domain Operations - Land, Air, Maritime, Space, Cyberspace).

Процесот на планирање на операциите, кој користи сеопфатен пристап за време на секоја фаза на планирањето (вклучувајќи воени, политички и цивилни размислувања), понекогаш може да биде несоодветен. Центарот поддржува ревидиран и холистички пристап во оваа насока. Фокус ќе биде даден и на тоа како најдобро да се користат системите за собирање податоци од следната генерација и како овие податоци да се искористат во реално време за донесување одлуки (Deep Learning, Quantum Computing, Cloud Computing). Акцент се дава и на напредокот на способностите и можностите што произлегуваат од новата технологија (Electromagnetic Operations, Cyberspace, Space-Based Assets, Next-Generation Platforms – Manned and Unmanned).

Со неодамнешното признавање на вселената како оперативен домен од страна на НАТО, Центарот ќе го поддржува планот за имплементација







и ќе продолжи да придонесува во координацијата на образованието и обуката, ќе поддржува вежби и ќе обезбедува оперативна вселенска поддршка на НАТО, со цел да се подобри координацијата во доменот на вселената. Се проучува како најдобро да се модернизира процесот на таргетирање во здружените операции на сите домени (Air Strategy, Integrated Tasking Order, Rules of Engagements), а се размислува и во насока на дискусија за „жешките“ теми (4th and 5th Generation Systems, Hypersonic Technologies, Battlespace Management, Cyberspace, Emerging Technologies).

Унапредувањето на урбанизацијата укажува на зголемена потреба од стандардизација на опремата, обуката, тактиките и процедурите во делот на хеликоптерската трансформација (Rotary Wing/Vertical Lift). Во делот на интегрираната воздушна и ракетна одбрана на НАТО, која е суштинска и континуирана мисија во мирно време, кризи и конфликти, Центарот ја поддржува политиката и доктрината на оваа одбрана. Логистичка поддршка на воздушните операции, воздушното надополнување со гориво и воздушниот транспорт се критични способности не само за колективна одбрана и засилено одвраќање, туку и за спроведување и одржување на операциите надвор од оперативната област. Центарот помага во развојот на политиката и доктрината на НАТО во областа на електромагнетни операции (Suppression of Enemy Air Defences, Electronic Warfare, Cyberspace Operations, Intelligence, Surveillance, Target Acquisition and Reconnaissance - ISTAR).

Со сето ова што е погоре истакнато, практично доаѓаме до дефинирање на мисијата на Центарот за здружените воздушни сили: да обезбеди ефективни решенија за предизвиците на воздушната и вселенската моќ, со цел да се заштитат интересите на НАТО и нациите. Нивната визија секогаш е проектирана за наредните 10 до 20 години.

Драган Павловски



# Трошоците во одбраната на Република Северна Македонија во периодот 2013 – 2020 година

Со приемот во Алијансата нашата држава покажа зрелост и сериозност во пристапот за зголемување на трошоците во одбраната. Почнувајќи од 2017 година до 2020 година, трошоците во одбраната се зголемија од 0,89% на 1,27%, што претставува зголемување на трошоците за 50% во реални услови од 93 милиони американски долари во 2017 година на 138 милиони долари во 2020 година. Проекциите за 2021 година, во согласност со ДПРОС 2019 – 2028 година се трошоците во одбраната да го достигнат нивото од 1,59% од БДП или во реални услови, тие би ја достигнале цифрата нешто над 208 милиони долари. Дали проекциите дадени во согласност со ДПРОС 2019 – 2028 година ќе се остварат, останува да се види до крајот на календарската година кога Собранието има обврска да го усвои Предлог-буџетот на Владата за фискалната 2021 година. Во продолжение на текстот направена е паралела на алокацијата на трошоците во одбраната за периодот 2013 – 2020 година по категориите за персонал, опремување и модернизација, инфраструктура и останатите трошоци кои ги вклучуваат операциите и одржувањето. Воедно, анализирани се и трошоците во одбраната и алокацијата по главни категории во согласност со методологијата на НАТО и за Република Северна Македонија за периодот 2013 – 2020 година.

Трошоците во одбраната изразени во % од БДП и реалните трошоци за периодот 2013 – 2020 година, пресметани во реални средства во американски долари, засновани на цени и курс на размена од 2015 година, графички е претставено на следниот начин:



*(Извор: Министерство за одбрана 2020 година)*

Преземени се повеќе мерки во насока на исполнување на препораките на Алијансата во доменот на стабилното и долгорочно финансирање на трошоците во одбраната на ниво од 2% од БДП и алокација на средства од најмалку 20% во опремување и модернизација, истражување и развој. Во јули 2018 година, Владата го усвои Стратегискиот одбранбен преглед 2018 во кој се дадени препораки за достигнување на стабилно и долгорочно финансирање на трошоците во одбраната во согласност со препораките на Алијансата од најмалку 2% од БДП. Политиката на Владата е оваа проекција да се достигне до 2024 година преку континуирано зголемување на трошоците во одбраната за 0,2 процентни поени секоја година, започнувајќи од 2019 година. Врз основа на детална макроекономска проекција од Министерството за финансии за стапката на пораст на националниот БДП, Министерството за одбрана изработи проекција на трошоците во одбраната за периодот 2019 – 2028 година и проценти на издвојување од БДП за истиот период. Овие проекции се детално разработени во Долгорочниот план за развој на одбранбените способности 2019 – 2028 година (ДПРОС 2019-2028). Овој план е одобрен во мај од Владата и усвоен со Резолуција од Собранието во јуни 2019 година. Утврдените трошоци во одбраната во согласност со ДПРОС 2019–2028 година ќе бидат основа за финансирање на: утврдените мисии, задачи и активности утврдени во ДПРОС, проектираната организациско-формациска структура на МО и вооружените сили, преземените меѓународни обврски за учество во операции и мисии, преземените обврски за исполнување на барањата од целите на способности во поглед на развојот на способностите и силите, вклучително и потребите за опремување и модернизација на вооружените сили (ДПРОС 2019 – 2028 година, 2019, стр.70-71).

Податоците покажуваат дека од 2019 година започна нагорниот тренд на зголемување на трошоците во одбраната во согласност со планираните проекции во ДПРОС 2019 – 2028 година. Така, во 2019 година трошоците за одбрана се зголемија за 0,2% и го достигнаа нивото од 1,15% од БДП, за разлика од 2018 година кога беа 0,95% од БДП. Во 2020 година трошоците во одбраната го достигнаа нивото од 1,37% од БДП, односно имаше зголемување од 0,22%. Меѓутоа, како резултат на импликациите од пандемијата со КОВИД 19 во мај 2020 година, трошоците за одбраната беа редуцирани на 1,27% од БДП или зголемување од 0,12% на годишно ниво, односно во реални средства, истите беа намалени за 29 милиони долари. Редукцијата во реални услови ги опфати неесенцијалните трошоци, но најмногу се одрази и во категоријата на опремување и модернизација, каде предвидените средства се редуцираа речиси за половина.

Во однос на алокацијата на средствата по категории на трошоци, политиката на Министерството за одбрана е да се постигне силингот на алокација во согласност со НАТО препораките. Тоа подразбира балансирани трошоци по категории, и тоа за персонал од 50%, опремување и модернизација, вклучително истражување и развој 20% и операции и одржување 30%.

## Опремување и модернизација

Во делот на опремувањето и модернизацијата, процентуалното издвојување од вкупните трошоци по години во периодот 2013 – 2020 година и во реални средства е следната:

Република Северна Македонија води конзинстентна политика во однос на стабилното и долгорочно финансирање на трошоците во одбраната. Во 2007 година трошоците во одбраната беа 2,15% од БДП, но поради низа фактори, вклучително и глобалната финансиска криза од 2009 година, дојде до континуиран пад на трошоците во одбраната на ниво од 1% од БДП (СОП, 2018, стр. 29)




*(Извор: Министерство за одбрана 2020 година)*

Во периодот 2013 – 2020 година, Северна Македонија инвестирала реални средства во висина од 94,9 милиони долари во опремувањето и модернизацијата



Во периодот 2013 – 2020 година, Северна Македонија инвестирала реални средства во висина од 94,9 милиони долари во опремувањето и модернизацијата на вооружените сили или, во просек, по 11,8 милиони долари годишно. Рекордно најниско ниво на процентуално издвојување е забележано во 2014 година, и тоа 5,92% или 7,3 милиони долари, а во реални средства најмалку е инвестирано во оваа категорија во 2017 година, и тоа само 6,5 милиони долари или 6,46% од вкупните трошоци во одбраната. Од 2018 година забележан е нагорен тренд во алокацијата на средства за опремување, а највисоко ниво е достигнато во 2019 година, кога вкупно се инвестирани реални средства од 20,3 милиони или 13,82% од вкупните трошоци во одбраната. Генерално може да се забележи зголемување во алокација на средствата наменети за опремување и модернизација, истражувањето и развојот од 5,92% во 2014 година на 13,82% во 2019 година. Доколку го задржи ова темпо на инвестирање, Северна Македонија е на добар пат да го достигне нивото од 20% алокација на трошоци во оваа категорија пред 2024 година.
За 2020 година беше планирано да се инвестираат во опремувањето 18,23% од вкупните трошоци во одбраната или во реални средства 33,6 милиони долари. Меѓутоа, поради пандемијата на КОВИД-19, вкупните трошоци во одбраната за 2020 година беа редуцирани за 29 милиони долари. Најголем дел од редукцијата на трошоците отпаднаа на средствата алоцирани за опремување и модернизација. Првично, предвидените средства за опремување во висина од 18,23% беа редуцирани на 11,44%, или во реални средства тие се намалија за близу половина и се сведоа на 17,8 милиони долари. Охрабрувачки е податокот што со предлог-проекциите на буџетот за трошоците во одбраната за 2021 година 25,69% од вкупните трошоци во одбраната се планирани за набавка на нова опрема (Министерство за одбрана, 2020).




*(Извор: Министерство за одбрана 2020 година)*







*(Извор: Министерство за одбрана 2020 година)*

## Инвестиции во инфраструктурата

Трендот на алокација на средства за инфраструктура е во рамките на политиката на Алијансата, каде најголем број сојузници инвестираат во границите до 5% од вкупните трошоци во одбраната. Постојат одредени исклучоци кај сојузниците каде инвестициите во инфраструктурата се и над 10% од вкупните трошоци во одбраната, но тоа се случаи на годишна основа. Најголем дел од овие средства се наменети за реновирање и тековно инфраструктурно одржување на постојните инфраструктурни капацитети, како и за изградба на нова инфраструктура за потребите на вооружените сили и на Министерството за одбрана.
Алокацијата на трошоци во инфраструктурата во Северна Македонија во анализираниот период се движи во границите од 0,95% од вкупните трошоци во одбраната во 2018 година до 3,89% во 2019 година. Во 2020 година инвестициите во

инфраструктурата се проектирани на 2,7% од вкупните трошоци во одбраната. Во реални средства, во анализираниот период 2013 – 2020 година, вкупно се инвестирани во инфраструктурни зафати околу 19 милиони долари. Овие инвестиции во инфраструктурата придонесоа за одржување во кондиција на неопходните објекти и друга инфраструктура за непречено функционирање и обавување на уставните и со закон доделени обврски на Министерството за одбрана и на вооружените сили на Републиката.

## Операции и одржување

Во категоријата на трошоци за операции и одржување се вбројуваат трошоците за меѓународните операции, трошоците за тековното одржување на опремата и вооружувањето, како и тековните набавки и останатите режиски и други трошоци неопходни за обезбедување на нормално функционирање на вооружените сили и на системот за одбрана на државата. Алокацијата на трошоците во одбраната во категоријата на операции и одржување во анализираниот период 2013 – 2020 година се движи во границите од 19,5% до 23,1% од вкупните трошоци во одбраната. Во 2020 година е забележан пораст во алокација на трошоците во оваа категорија за 4% ,спредбено со 2019 година, односно истите пораснале од 22,9% во 2019 година на 26,88% во 2020 година. Изразено во реални средства, тоа значи зголемување од 8 милиони долари или вкупно за 2020 година се планирани близу 42 милиони долари.

Од овие средства се финансираат и меѓународните операции предводени од НАТО, ООН и ЕУ. Падот од 23,18% од 2014 г. на 19,53% во 2015 година се должи на завршувањето на мисијата ISAF (декември 2014) и почетокот на мисијата „Resolute Support“ (1 јануари 2015 година), која на почетокот беше со помали барања. Во зависност од потребите на мисијата варираше и бројот на припадници на вооружените сили кои се упатуваа во меѓународните операции. Зголемениот пораст од 22,90% во 2019 година на 26,88% во 2020 година се должи и на упатувањето на контингент на припадници на вооружените сили на Северна Македонија во мисијата КФОР на Косово во октомври 2020 година. Во период од 2013 – 2020 година во категоријата на операции и одржување потрошени се кумулативно 221 милион долари, од кои околу 42 милиони се потрошени само на придонесот во меѓународните операции предводени од Алијансата.

## Трошоци за персонал

Во однос на алокацијата на средствата може да се забележи дека најмногу средства, процентуално, се одвојувале






*(Извор: Министерство за одбрана 2020 година)*

во 2017 година, и тоа 72% од вкупните трошоци во одбраната биле наменети за персонални трошоци, или во реални средства тоа изнесувало 72,9 милиони долари. Тоа е година кога е забележан и најмал процент одвоен за трошоци во одбраната, и тоа 0,89% од БДП, или во реални средства тоа изнесува 93,1 милиони долари. Со политиката за постепено зголемување на трошоците во одбраната за 0,2 процентни поени на годишно ниво, може да се забележи дека за период од три години е постигнат значителен напредок во редукцијата на трошоците за персонал. Трошоците за персонал во Северна Македонија бележат намалување од 72% во 2017 година на 59,38% во 2019 година, односно намалувањето е нешто повеќе од 22%, со што се обезбедиле повеќе средства за останатите категории на трошоци. Трендот на намалување на трошоците за персонал продолжува и во 2020 година и тие се сведоа на ниво од 58,97% од вкупните трошоци во одбраната или во реални средства, се зголемија за 18,8 милиони споредбено со 2017 година и во 2020 година го достигнаа нивото од 91,7 милиони долари.

Со Предлог-буџетот за трошоците за одбрана во 2021 година се планира алокацијата на средствата за персонал да се сведе на 46,7%, односно, во реални средства, се предвидува истите да изнесуваат 98,4 милиони долари. Задржувањето на курсот за стабилно и долгорочно финансирање на трошоците е од минимум 2% од БДП, што ќе претставува силен показател за спроведување на реформите во вооружените сили и реализација на концептот на вооружени сили за 2028 година, даден во Стратегискиот одбранбен преглед од 2018 година. Дали проекциите дадени со Предлог-буџетот за трошоците во одбраната ќе станат реалност, со сигурност ќе се знае до крајот на календарската година, кога Собранието има обврска да го усвои Предлог-буџетот на Владата за фискалната 2021 година.

д-р Игор Ѓорески




# Тероризмот, конфликтите и градење на мирот

Постојат многу истражувања за тероризмот, но студиите за улогата на приодите за решавање на конфликти во борбата против тероризмот сè уште се мошне ретки. Постојат одредени стратегии кои, всушност, можат да придонесат за ненасилно решавање на конфликти, кои вклучуваат терористичко насилство и може да помогнат да се намали распространетоста на тероризмот. Во овој поглед, дијалогот може да помогне да се едуцираат и да се поврзат луѓе од различни социјални средини, од различни религии и култури

Стратегиите за решавање на конфликти (како што се преговорите и дијалогот), кои имаат цел решавање на сложени и флуидни терористички однесувања, треба да се сметаат како дел од пошироката интервенција против терористичките напади. Голем број безбедносни аналитичари се спротивставуваат на оваа идеја. Сепак, вистината е дека приодите за решавање на конфликти може да доведат до мир, дури и со терористите. Ваквите пристапи за решавање на конфликти нудат иновативен пат кон разбирање на тероризмот преку сфаќање на тероризмот како форма на насилство, што е дел од еден поширок конфликт. Така, тероризмот станува стратегија што се користи во конфликтите од страна на актерите кои веруваат дека тоа е најдобрата одлука што треба да се донесе во дадено време. Од гледна точка на решавање на конфликтот, тероризмот не може да се разгледува надвор од конфликтот и може да биде анализиран само во ваков поширок контекст. Не треба да се очекува да се случи магија преку ноќ, бидејќи дури и најдобрите



стратегии за решавање конфликти не се семоќни. Долгорочните приоди за решавање на конфликти се најпогодни за справување со тероризмот.
Тука се можни неколку ефективни политички стратегии. Една од нив е инклузивноста на луѓето и проблемите. Оваа стратегија е важна, бидејќи има потенцијал да ја намали фрустрацијата од незадоволените основни човекови потреби, што е голем мотив за луѓето да ги поддржат терористите и тероризмот или да прибегнат кон насилство. Примената на оваа стратегија, на пример, беше ефикасна во случајот на Северна Ирска, бидејќи кога економската состојба беше подобрена и политичките структури внатре во системот беа отворени за католиците во Северна Ирска, поддршката за ИРА беше намалена во доцните 1980-ти и во 1990-тите години. Кога се занимаваат со т.н. „нихилистички терористи", кои се религиозни терористички групи кои имаат апсолутни цели и се водени од фанатизам, приодите како што се медијацијата и преговарањето може и да не произведат ефективни резултати, бидејќи овие групи имаат тенденција да бидат ригидни во нивната позиција. Сепак, координацијата со верските водачи и обидот да се изгради однос со нив до одреден степен може да го намали насилството.
Гледано во целост, постојат одредени ограничувања во усвојувањето на решавањето на конфликтот како приод кон борбата против тероризмот. Во некои случаи, преговорите, медијацијата и дијалогот со терористите се сметаат за слабост, а многумина претпочитаат да користат воени приоди. Некои терористички групи се структурирани на таков начин што им наметнуваат на преговарачите или медијаторите физички да контактираат со нив за да им ги пренесат пораките. Недостатокот на отворени канали за комуникација ја зголемува изолацијата и недовербата и честопати ги прават приодите за решавање конфликти да изгледаат неуспешни. Ригидноста и менталитетот на религиозните екстремисти често им отежнуваат на креаторите на политиките да ги решат конфликтите со нив по мирен пат, а со тоа да бидат и принудени да употребуваат присилни мерки за борба против тероризмот. Сепак, постојат и други мерки кои можат да се применат за да се одговори на тероризмот. Една од нив е убедувањето, насочено кон намалување на мотивот на страните во конфликт да се впуштат во насилство и да ја минимизираат поддршката за терористите. Овој процес вклучува идеологии кои го предизвикуваат тероризмот, убедувајќи ги страните во конфликтот да употребуваат ненасилни и неприсилни тактики, со цел да се



Разбирањето на тероризмот како стратегија што се користи во поширокиот конфликт, го отвора прашањето дали завршувањето на тероризмот нужно значи и решавање на конфликтот



намали привлечноста на тероризмот. Покажувајќи поголема човечност и ефикасност на нетерористичките алтернативи и убедување на страните дека ненасилните мерки најдобро можат да ги исполнат своите стратешки цели, може да се направи долг пат за ефективно справување со терористите и нивните групи за поддршка. Намалувањето на ранливоста и поразувањето на тврдокорните приврзаници, или со други зборови „негирањето", исто така, може да се искористи како одговор на тероризмот. Во исто време, координацијата и максимизирањето на меѓународните напори се потребни за ефикасно да се одговори на тероризмот.
Секој пристап за решавање конфликти има свои силни и слаби страни. На пример, дијалогот е возможен помеѓу еднакви страни кои треба да бидат подготвени да започнат дијалог. Со цел да се направат структурни промени, неопходно е да се трансформира конфликтот во друга реалност, односно истиот да се трансцендира. Трансформацијата воведува системски промени, и тоа е процес кој води кон поголема еднаквост и еднаквост во општествениот систем како целина.
При трансформирањето на конфликти со длабоки корени, неопходно е да се примени стратегијата „дејствувај локално, мисли глобално" преку работа на локални решенија кои ќе направат промена и во глобалната општествена структура. Тука, психолошкиот план бара справување со омразата и траумите, со цел да се пресели од културата на одмазда – око за око, заб за заб – кон култура на помирување. Во оваа смисла, градење култура на мирот е модел за трансформирање на општествените

структури. Сето ова подразбира дека пред да се примени некој пристап или стратегија за решавање конфликти, треба да се знаат нејзините целосни потенцијали и ограничувања во конкретното опкружување и типот на конфликтот.
Во врска со превенцијата на конфликти, не смее да се прецени потенцијалот во конфликти предизвикани со терористичко насилство, кои можат да бидат особено отпорни на ваквиот приод. Бунтовничките групи се мали и не мора да бидат зависни од нивната заедница со која често ја губат врската кога се изолираат и одат „под земја“. Во некои случаи, одржувањето на групата, непроменета, може да стане крајна цел на самата групата. Сепак, иако односот е сложен и не треба да постојат очекувања за автоматски резултати, сепак вклучувањето во мерки за спречување на конфликти предизвикани со терористичко насилство може да има влијание врз запирање на потенцијалната ескалација на насилството. Исто така, со ова се истакнува важната врска помеѓу превенцијата на конфликти и антитероризмот и како таа треба да се смета за дел од еден поширок одговор кој го разбира тероризмот како дел од еден поширок конфликт.
Миротворењето има свои потенцијали и ограничувања кога се применува на конфликти предизвикани со терористичко насилство. Насилството може да има големо влијание врз преговорите. Вооружените групи во минатото погрешно го пресметувале нивниот капацитет да влијаат врз преговорите со следење на стратегии на насилство за да ја зголемат својата потпора (на пример, ИРА). Понатаму, почетокот или крајот на насилството ретко се обележуваат со чисти текови. Вообичаената асиметрија во конфликтите е означена со терористичко насилство, што им отежнува на државните лидери и официјални претставници да прифатат дека не можат да ја поразат малата група на оние што често ги сметаат за криминалци и терористи. Друг предизвик за миротворењето е тоа што во контекст на терористичкото насилство постои потенцијална потреба за тајност на почетокот на преговарачкиот процес. Како што покажува практиката, многу случаи на преговори меѓу државите и недржавните вооружени групи започнале во тајност. Преговорите честопати може да пропаднат, како што беше случајот со многу конфликти кои вклучуваат терористичко насилство, како што е, на пример, случајот со баскискиот конфликт. Општо земено, преговорите можат да бидат класифицирани во неколку типови. Еден од нив е дистрибутивното преговарање (како, на пример, Дејтонскиот процес и Дејтонскиот договор и веројатно првиот дел од преговорите за децентрализација на Косово), што е обично почетниот дел од долгорочниот процес. Тоа ја дистрибуира постоечката моќ, контролата на полето и барањата помеѓу сите страни и меѓусебно преку конечен нацрт-договор кој не вклучува ништо ново како содржина и тема на преговори. Ова е тип на преговори фокусиран на она што може да се искористи од актуелната ситуација и се фокусира на постигнување заеднички компромис. Се обидува да ја нормализира конфликтната ситуација со помош на договор. Друг вид на преговори се интегративните преговори, фокусирани главно кон зголемување на алтернативните решенија, односно на креативен приод во решавањето на проблемите. Во овој случај, преговарачот се обидува да ги зголеми придобивките за сите страни вклучени во конфликтот. Овој тип на преговори нуди поширок простор на сите страни за да се направи компромис во една област и да има компензација во друга, со што се зголемуваат можностите за постигнување на успешно решение. Потребни се партнерски односи од вклучените страни и креативен пристап во текот на целиот процес. Сите досега споменати карактеристики претставуваат предност на овие два типа на преговори, кои можат да се комбинираат со цел да се постигнат подобри резултати.
Во случај на потреба за преговарање со екстремистички опции, односно екстремистички групи, може лесно да се размислува за различните тешкотии и проблеми што демнат зад аголот, меѓу другото, и можноста за преговори да биде одбиена од екстремистичките групи. Поканувањето на терористите да преговараат е во секој случај корисно, бидејќи ги зголемува шансите за успешен исход и сите опции за





отворање на нови барања се затворени со ставање на сè што е важно на масата. Практичното искуство покажува дека екстремистите што веќе дошле до преговори јасно покажуваат дека се подготвени за решение, со што ќе се овозможи ефикасно затворање на спорот. Ова е така, бидејќи тие знаат што се нивните цели, имаат листа на јасни барања, но би можеле да бидат и сосема подготвени да направат компромиси. Во исто време, екстремистите се свесни дека тие се на последното ниво по кое нема кој да го оспори постигнатиот договор, па затоа нема да имаат притисок кога ќе прават компромиси или отстапки. Ова, сепак, значи дека процесот ќе биде долг и предизвикувачки, но тоа е барем добар почеток, кој може да заврши со постигнување заеднички договор и со решавање на конфликтот. Сепак, преговорите имаат и свои ограничувања. Постојат различни проблеми кои можат да се појават во текот на овој процес. Некои од проблемите зависат од тешкотиите поврзани со основната тема на преговарање, додека други се типични пречки што можат да се појават во различни фази на преговарањето. Ќор-сокак обично се случува кога сите инволвирани страни ги исцрпуваат сите можности за понатамошна концесија додека сè уште одржуваат сериозни разлики во нивните позиции. Така, ќор-сокакот може да се смета за застој во динамиката на постигнување на компромиси во преговорите. Кога процесот се соочува со ваква ситуација, секоја од страните ги остварува своите ограничувања на барањата на другата страна и реагира на нив. Тоа е ситуација во која процесот на договарање е затегнат до неговите крајни граници. Дијалогот, како друг аспект на миротворењето, исто така, се разликува во неговата улога според видот на конфликтот, неговото времетраење и исходот. Иако дијалогот може да биде многу ефикасен во решавањето на конфликтите по ненасилен пат, вистина е и дека во некои случаи не се регистрирани постојани ефекти, освен како предуслов за примена на други средства и политики. Оттука, дијалогот е важен како инструмент на дипломатијата, но неопходните услови за интегративен пристап за успех ретко се присутни во конфликтите со длабоки корени, како што е, на пример, оној во Украина, или како што се оние во Грузија, во Либија и во Иран. Остварената стабилност, исто така, лесно може да се наруши, така што во овие случаи има потреба од долгорочен и систематски пристап кон решавање на конфликти. Од друга страна, процесот на помалку формален дијалог кој го спроведуваат недипломати (како, на пример, во Авганистан или Судан), е оправдан и покрај огромните трошоци за војната и прилично скромните постигнувања. Некои анализи за потенцијалите и ограничувањата на дијалогот укажуваат на тоа дека однесувањето и позициите имаат тенденција да се менуваат како резултат на промена на меѓународните и домашните околности, а не исклучиво поради дијалогот. Исто така, се покажало дека дипломатските дијалози не мора нужно да ги трансформираат вредностите и идентитетите на актерите, што е особено очигледно во длабоко вкоренетите конфликти, но може да влијае и врз времето на настаните и врз природата на мерките што се усвојуваат. Понатаму, доколку недостасуваат механизми за спроведување, договорот постигнат со преговарање може да биде лабилен, што се однесува и на договорите засновани врз дијалог. Успехот на дијалогот се разликува во зависност од тоа дали преговорите ги олеснува неутрална трета страна или не. Исто така, зависи од нивото на тајност и доверливост. Практикувањето на пристапот од врвот надолу обично го отежнува вистинскиот дијалог. Конечно, практиката покажува дека дијалогот е поефективен во спречувањето на конфликтите отколку во нивното решавање.

> Една од најголемите грижи во врска со градењето на мирот, што се спроведува од страна на меѓународните организации, е дека се применува модел со големина која би требало да одговара за сите региони низ целиот свет, не водејќи доволно сметка за локалните специфичности или за општествените трошоци на широко распространетите реформи

Градењето мир обично ги презема разоружувањето, демобилизацијата и реинтеграцијата на вооружените борци, како една од неговите примарни политики. Сепак, со оглед на актерите кои се вклучени во терористичко насилство, истите не се реинтегрираат во општеството, бидејќи фокусот на оваа политика е повеќе ставен на ослободување од тероризмот. Ова има потенцијално опасни реперкусии за решавање на конфликтот и севкупното ниво на насилство во општествата по потпишувањето на договорот. Исто така, асиметричните односи на моќ во конфликтот може да доведат до заклучок дека не е неопходен компромис за да се стави крај на конфликтот со терористите. Сепак, токму асиметричната природа на конфликтите предизвикани со терористичко насилство, може посебно да ги отежни мирот и помирувањето. Градењето мир може да биде извор на обновени конфликти ако го следи моделот од горе надолу. Конфликтите предизвикани со терористичко насилство мора да се разберат како конфликти кога се гради мирот, но државите и другите актери треба да ја земат предвид екстремната асиметрична природа на конфликтот и нејзиното влијание врз стратегиите за градење на тој мир.



д-р Ненад Танески

# За честа на татковината

## Дел од животот, посветен на авганистанската прашина



Во овој број на „Штит“ ви пренесуваме дел од размислувањата и искуствата на професионалниот војник Ангела Сибиновска, која беше учесничка во последната ротација на припадниците на Армијата во мисијата „Одлучна поддршка“ во Авганистан. Се надеваме дека патриотизмот и ентузијазмот на оваа млада жена, која со гордост ја носи униформата на Армијата на Република Северна Македонија, ќе биде поттик и пример за тоа колку се сака професијата и како се работи посветено во интерес на татковината

Да се биде жена е доволно тешко, особено во општества како нашето, кое сè уште има последици од еден минатсистем. Ретко се случува малите девојчиња да сонуваат да бидат војници кога ќе пораснат. Но, тоа не беше случајот и со мене. Уште од раното образование, кога за прв пат се пријавив да тренирам карате, знаев дека во животот ќе градам кариера која бара издржливост, истрајност, дисциплина и физичка подготвеност. После десет години, сонот стана реалност, кога матурската облека ја заменив за униформа и војнички чизми. Знаев дека да се биде жена во Армијата е голем предизвик, пред сè поради сè уште постојните предрасуди дека тоа е типично машка професија, па затоа имаме чувство дека мораме да се докажуваме пред колегите. Но, мотивот и љубовта кон оваа институција, која произведува лица кои ќе бидат секогаш подготвени да одговорат на предизвиците, особено за помош на нашите сограѓани во услови на елементарни непогоди, но и да придонесеме во зачувување на мирот и безбедноста онаму каде што ќе бидеме упатени, беше она што ми даваше мотив да успеам во надминувањето на предизвиците. Потребно е вложување на целата своја енергија и трпеливост и уште повеќе од тоа. Но, со бројот на годините поминати



во Армијата, растат и амбициите и желбата за напредок. Несомнено, голем поттик е и фактот дека за прв пат на чело на Министерството за одбрана е жена, што е дополнителна мотивација за понатамошниот статус на жените во Армијата. Во мојот професионален план, како професионален војник во Баталјонот на Воената полиција, следниот чекор беше пријавувањето за учество во мисијата „Одлучна поддршка” во Авганистан (контингентот кој замина за прв пат како членка во НАТО), каде што би ја претставила татковината, би работела за нејзината чест, но и би го претставувала женскиот дел од Армијата како единствена претставничка во овој контингент.
Осми декември минатата година го одбележа следниот чекор во мојата кариера. Тогаш започна мојот пат кон Авганистан. Ова искуство не ми донесе само промена на околината, туку и на целокупниот начин на живот, искуство што стана реалност после 16-часовниот лет од скопскиот аеродром преку Турција и Азербејџан до Кабул.
Нови луѓе, нова средина и ново искуство, поразлично од она што досега го имам доживеано во кариерата. Подготовката помогна, но веднаш по вдишувањето на авганистанскиот воздух – тоа беше моментот кога навистина се соочив со реалноста. Обврските не оставаат многу време за приспособување кон новиот стандард за она што е „нормално“, особено во ек на светска пандемија.
Единствените луѓе коишто знаеја како се чувствуваме беа колегите од нашиот контингент, коишто го имаа отслужено својот дел од мисијата. Колеги коишто ни помогнаа во периодот на сместувањето во нашиот дом за наредните шест месеци.
Со стекнати работни навики и без поштедување врз основа на полот започна предизвикот што трае до денес. Опремата на себе, оружјето во раце и работата почнува – обезбедување на објекти, обезбедување на лица, спроведување, ескорт на возила заедно со НАТО колегите од САД, Грузија, Турција и многу други задачи.  Сакам да напоменам дека најблиска соработка имавме со грузиската единица поради доделените работни задачи за заштита и обезбедување на базата (FORCE PROTECTION). И, навистина, ги извршувавме задачите заеднички и беспрекорно.
Освен работните задачи, борбената подготвеност се одржуваше редовно со давањето на вежбовни тревоги во различни периоди од денот и ноќта.
И покрај тоа што мисијата „Одлучна поддршка” е од мировен карактер, постои и тој елемент на опасност што ја поттикнува потребата за целосна подготвеност за можна реакција во секое време.  А, тука нема поделба според полот, секој е засегнат и секој мора да биде во врвот на својата подготвеност.
Како што минуваше времето, така почна и запознавањето со колегите од другите земји, но и меѓусебно со нашиот контингент, при што почнавме да учиме кои сме и какви сме, кои се нашите мани и доблести. Емоциите, имајќи ја предвид нашата оддалеченост од блиските, понекогаш нѐ надвладуваа. Но, со нашата дисциплина, ние никогаш не отстапивме од нашата цел да го зачуваме и да го надградиме  угледот и почитта кон нашата земја како долгогодишен и успешен учесник во оваа мисија. Сите бевме свесни дека тука не се претставуваме себеси, не ја претставуваме единицата во



којашто работиме, туку ја претставуваме и татковината и нашата армија.
Оддалеченоста од дома почна да станува очигледна и преку мали моменти што можеби порано сме ги занемарувале – од мирисот на јоргован во дворот на моите родители, до аромата и вкусот на популарното тавче-гравче, јадење што е специјалитет во мојот дом. Навистина сите нас нѐ исполнува фактот дека имавме шанса на неколку наврати да пробаме од интернационалните специјалитети приготвени во мензата во базата, како и да одбележиме празници што се карактеристични за некои од земјите учеснички во мисијата. Со ова, нашето искуство се збогати, научивме многу за културите на другите народи, но и ние ги научивме многу нашите колеги за нашата традиција.
Освен што бевме работно ангажирани, имавме и слободно време за физички активности и спорт.  Една од позначајните активности беше неделниот спринт предводен од командантот на мисијата, генерал, кој одлично нѐ прифати, како и останатите американски војници. Нивниот војнички, но и пријателски пристап, ни даде голем поттик да го покажеме најдоброто од нас како претставници на нашата татковина. Ова искуство беше од особено големо значење за мене затоа што на крајот бев издвоена и пофалена за својата работа од страна на генералот, кој што ме одликуваше и кој лично ми додели „COIN“ за заслуга и храброст, што ја докажав со учеството во мисијата, спомен што ќе ме потсетува на времето поминато во базата, кое го сметам за достигнување на едно повисоко скалило во мојата кариера.
Ова искуство ми овозможи да стекнам пријателства кои ќе траат многу подолго од шесте месеци поминати во авганистанската прашина. Ова искуство ми помага да растам како личност, но и како професионалец кој уште еднаш доби потврда дека нема никаква разлика помеѓу нас и нашите колеги од другите земји – ние сме способни, ангажирани, мотивирани и опремени како и сите останати. Ние сме рамо до рамо со нив! Токму тоа искуство дава одговор на едно прашање кое сите си го поставуваме, и јавно и потајно – дали сме доволно добри, дали заслужуваме да бидеме една од 30-те земји во најмоќната Алијанса во светот. Одговорот на ова прашање е дека со сигурност заслужуваме. Јас, секако, би рекла:
**‚Да, заслужуваме. Да, можеме и умееме!**

Ангела  Сибиновска





# Музеи посветени на Денот „Д“ – трет дел

Музејот на победата во Нормандија е сместен во непосредна близина на градот Carentan т.е локацијата за доскок на 101. воздушно-десантна дивизија од составот на американската армија за време на Денот „Д“, како и до привремениот аеродром од Втората светска војна „А10“ кој е изграден на 15 јуни 1944 година и е првиот аеродром на слободна територија на Нормандија. Музејот, во периодот од 2014 до 2016 година фунционира како тенковски музеј, но поради проблеми со малата посетеност и имотни проблеми со локалното население, истиот се затвора, а голем дел од експонатите се распродадени на аукција. После затворањето на овој музеј, го преземаат нови сопственици и се фокусираат на битката за ослободување на Нормандија во целост, а не само на оклопниот аспект на истата.

Во музејот има повеќе од дваесет диорами во реална големина, кои се искористени за изложување на експонатите кои ги поседува музејот. Овој вид на изложување на експонатите ја доближуваат до посетителот прикazната за настаните кои се случувале во текот на инвазијата на Нормандија. Експонатите на борбени возила со кои располага музејот се идеално и плански вметнати

Постојат голем број музеи кои го покриваат истоварувањето на сојузничките силите на Нормандија. Без разлика дали станува збор за стари, нови, големи или мали музеи, тие даваат различна перспектива на овој клучен настан во историјата. Во наредните неколку броеви ќе ви ги опишеме најдобрите музеи кои би можеле да ги посетите доколку сте заинтересирани да ја видите историјата на овој настан од прва рака



во диорамите. Впечатокот на реалност го дополнуваат звучните и светлосни ефекти кои се активираат на движење т.е. како посетителот ќе се приближи до самата диорама. Посетителите имаат можност одредени реквизити од музејските поставки да ги допрат и истите да ги држат во сопствените раце. Станува збор за делови од војничка опрема, одредени парчиња американско и германско вооружување, радиоуред и реставриран џип во кој може да влезете. Низ внатрешноста на музејот се распоредни и голем број на застаклени витрини во кои се поставени различни интересни артефакти од секојдневниот живот на жителите на Нормандија и Франција во периодот од војната, делови од војничка опрема од различни армии, како и одредени лични предмети на војници кои учествувале во битката на Денот „Д“. Во надворешниот дел на музејот се поставени и неколку борбени и инжинериски возила кои вредат да се погледнат. На самиот влез пред зградата на музејот е поставен тенк „М4 Sherman“, а на крајот од некогашната писта „А10“ поставена е реплика на американскиот авион „P-47 Thunderbolt“. Музејот, покрај ова, нуди и интерактивни виртуелни искуства. Посетителите, доколку сакаат, може да искусат возење со оклопно возило од Втората светска војна. Оваа активност не е пресметана во цената на влезницата и треба дополнително да се доплати. Во надворешниот дел на музејот има и пешадиски препреки кои посетителите може, доколку сакаат да доживеат како им било на сојузничките војници за време на нивните подготовки, да се обидат да ги совладаат. Во холот пред самиот влез во музејот се нудат три симулатори, и тоа за: хеликоптер, авион и тенк кои, исто така, дополнително се доплаќаат.

Цената на влезницата за во овој музеј изнесува 9 евра за возрасни лица, што претставува реална цена за она што музејот го нуди и може да се види. Работното време е секој ден од 09.30 до 19.00 часот, а самата билетарница затвора еден час порано. Музејот нуди многу реална и широка слика за настаните во текот на операцијата за ослободување на Нормандија. Овој музеј секако вреди да се посети и да поминете 3 до 4 часа за разгледување на истиот.

Лоциран во близина на Saint-Côme-du-Mont се наоѓа воениот музеј наречен „Раскрсницата со мртвиот човек“ (Dead Man's Corner), музеј кој е посветен на падобранските единици кои учествувале во Денот „Д“. Невообичаеното име на музејот потекнува од настанот кој се случил на 8 јуни 1944 година. Имено, кога американски извиднички тенк, наидувајќи на раскрсницата која го раздвојува патот помеѓу Carentan, плажата Јута и Saint-Côme-du-Mont, истиот е уништен од страна на германските падобрански сили и притоа командирот на тенкот, обидувајќи се да се извлече, останува мртов на самата купола. После настанот сојузничките сили го користеле тенкот како референтна точка за ориентирање и ја нарекувале „раскрсницата со мртвиот човек“.

Почетоците на музејот датираат од 2004 година, кога еден од




коосновачите, Белгиецот Michel de Trez, кој бил пасиониран колекционер на американските падобрански единици, воедно и автор на неколку книги за истите единици и за нивните искуства во II светска војна, започнал мала изложба на артефакти со мал број на диорами. Музејот низ годините ја зголемил колекцијата и денес е прераснат во музеј кој нуди многу работи кои можат да се погледнат и да се доживеаат. Самата локација каде е сместен музејот е историска сама по себе, затоа што зградата која се користи како музеј во перидот непосредно и за време на Денот „Д“ била користена како командно место на германските падобрански сили Fallschirmjäger. По нејзиното ослободување од страна на сојузниците, објектот го користат американските падобрански единици. Музејот располага со два објекти. Едниот објект е самата двокатна куќа каде е сместен делот од музејот наречен „Раскрсницата со мртвиот човек“, а другиот објект е хангар кој се наоѓа позади куќата и тој дел од музејот е наречен „Искуствата од Денот Д“. Од самото влегување во зградата на музејот веднаш забележливо е вниманието посветено на деталите во изложените диорами, започнувајќи од униформите, вооружувањето поставеноста на куклите и сè останато. Вториот кат од музејот, изложбените витрини, ѕидовите и сè останато е изработено во форма и боја на внатрешност од авион „C-47“. Во овој дел од музејот се наоѓа и најдобро опремената продавница во Нормандија каде може да купите реплики на униформи, опрема и вооружување од Втората светска војна, како од сојузничките војски така и од германските единици. Во делот од музејот наречен „Искуствата од Денот Д“, главна атракција е симулаторот на лет во труп на авион „C-47 Stoy Hora“, кој учествувал во операцијата „Нептун“ на Денот „Д“. Посетителите, после триминутен 3Д-холограмски брифинг од страна на глумец кој го глуми потполковникот Robert L. Wolverton, влегуваат во трупот на авионот, каде на местата од прозорците од авионот се поставени монитори кои го претставуваат летот на воздушно-десантните сили во текот на операцијата на Денот „Д“. После летот во симулатор посетителите можат да ги посетат десетте диорами распредени во хангарот. Појаснувањата, покрај сите диорами и експонати, се на француски и на англиски јазик и истите се мошне детални. Најновиот аспект на овој музеј на кој сè уште се работи е поставување на 4К-кино. Музејот е мошне посетен од обожавателите на мини-серијалот „Band of Brothers“, првенствено затоа што во музејот е изложена опрема од членовите на воздушно-десантната единица од серијалот и нивниот лидер Dick Winters. Музејот „Раскрсницата со мртвиот човек“ (Dead Man's Corner) т.е. самиот објект и настанот/акцијата поврзана со него е дел од игрите „Call of Duty“ и „Brothers in Arms“. Влезницата во музејот изнесува 12 евра за возрасни посетители. Но, и покрај скапата влезница, музејот е многу посетен, и тоа, пред сè, поради квалитетот на понудата. Музејот располага со сопствен паркинг и истиот е пристапен за посетители со инвалидитет.

Златко Блажески




# Нови безбедносни предизвици
## Когнитивна војна

НАТО Алијансата се соочува со низа предизвици во новите видови конфликти, кои се резултат на новите и напредни технологии. Овие конфликти настанале како резултат на развојот на ракетните, сателитските, компјутерските, телекомуникациските и мрежните итнернет технологии, потоа вселената и сајбер-просторот. Исто така, сѐ пораспространетата употреба на социјалните медиуми, социјалното вмрежување, социјалните пораки и технологии за мобилни уреди, креираат простор за еден нов домен т.н. когнитивно војување

Во когнитивната војна, човечкиот ум станува бојно поле. Целта е да се промени не само она што го мислат луѓето, туку и начинот на којшто тие размислуваат и делуваат. Една таква успешно водена војна, не само што ги обликува туку и влијае врз индивидуалните и групните верувања и однесувања за да ги фаворизира тактичките или стратешките цели на агресорот. Во својата екстремна форма, има потенцијал да го фрагментира и распарчи целото општество и да го доведе во ситуација да не постои колективна волја за спротивставување на агресорот т.е. противникот. На тој начин, противникот добива можност да го потчини тоа општество и без употреба на сила или принуда. Целите на когнитивната војна можат да бидат ограничени и со кратки временски хоризонти. Но, можат да бидат и стратешки, со кампањи започнати низ подолг временски период. Една кампања може да се фокусира на една ограничена цел, како на пример да спречи еден воен маневар да се одвива според планираното или да влијае на промена на одредена јавна политика. Неколку последователни кампањи може да се започнат со една долгорочна цел, да се променат цели општества или сојузи, со тоа што ќе се посади семе на сомнеж во врска со раководењето на државата и дестабилизирање на демократски процеси, активирање на граѓански немири или, пак, поттикнување на сепаратистички движења.

### Комбинирано оружје

Во минатиот век, иновативната интеграција на мобилната пешадија, оклопното вооружување и авијацијата резултираа со нов и првично неодолив вид на маневарско војување. Во денешно време, пак, когнитивната војна ги интегрира сајбер и информацискиот простор, психолошкиот и социјалниот инженеринг за да ги постигне своите цели. Се користат и предностите на интернетот и социјалните медиуми за селективно и сериски во едно општество да се таргетираат влијателни поединци, специфични групи и голем број граѓани. Овој вид војна се обидува да посее сомнеж, да наметне спротивставени наративи, да го поларизира мислењето, да ги радикализира групите и да ги мотивира да го нарушат или распарчат

инаку кохезивното општество. Притоа, распространетата употреба на социјалните медиуми и паметните уреди во земјите членки на Алијансата може да ги направи овие земји да бидат посебно ранливи во однос на овој вид напади.

## Лажните вести не се потребни

Интересно е да се знае дека не се потребни лажни информации или лажни вести за да се постигнат целите на когнитивното војување. Еден недоличен владин документ, хакиран од една е-пошта на јавен службеник, кој анонимно се појавил на веб-страница на социјалните медиуми или се селектирал селективно од страна на опозициски групи во социјална мрежа, е доволен за да предизвика конфликт. Испраќањето на социјални пораки што ги разгоруваат страстите на интернет инфлуенсерите може да стане вирално. Групите на социјалните медиуми можат да се мотивираат да организираат демонстрации и да излезат на улица. Официјалните негирања или двосмислените одговори на јавноста во овие ситуации можат да додадат конфузија и сомнеж или да вметнат спротивставени наративи меѓу населението. Иако лажните акаунти на социјалните медиуми и „ботовите“ за автоматски пораки можат да ја зголемат оваа динамика, тие и не се потребни. Имено, според една нова студија на МИТ (Massachusetts Institute of Technology), емоциите на изненадување и одбивност ги прават пораките вирални, а редовните корисници, а не ботовите, се тие кои брзо ги препраќаат пораките понатаму.

## Нашите паметни уреди

Хартиената копија од нашиот омилен весник не знае кои вести претпочитаме да ги читаме. Но, нашиот таблет компјутер го прави тоа. Огласот што сме го виделе во еден весник не знае дека сме отишле во продавница да го купиме она што се рекламира, но нашиот паметен телефон го прави тоа. Уредникот, чиј текст сме го прочитале, не знае дека со ентузијазам сме го споделиле истиот со некои од нашите најблиски пријатели. Но, нашиот систем на социјална мрежа го прави тоа наместо нас. Нашите апликации за социјални медиуми го следат сето она што го сакаме и во што веруваме; нашите паметни телефони нè следат каде одиме и со кого поминуваме време; нашите социјални мрежи следат со кого се дружиме и кого исклучуваме. А, нашите платформи за пребарување и е-трговија ги користат овие податоци за следење за да ги претворат нашите уверувања во акција, нудејќи стимулации за да нè охрабрат да купуваме работи што инаку не би ги купиле. Потрошувачките здруженија ги увидоа овие работи и ги прифатија придобивките од истите. Така, нашиот таблет компјутер ни сервира вести што знае дека ќе ни се допаднат, бидејќи сака да нè одржува ангажирани. Се прикажуваат реклами што одговараат на нашите вкусови, врз основа на нашите претходни набавки. Различни купони се појавуваат на нашиот паметен телефон за да нè охрабрат да застанеме во продавницата која, по некоја очигледна случајност, веќе е на нашата сегашна рута на движење. Социјалните мрежи презентираат мислења со кои ние од сè срце се согласуваме. Пријателите во круговите на нашите социјални мрежи ги делат и овие мислења, бидејќи оние што не го прават тоа ги отстрануваме од пријатели или едноставно сами се тргаат од мрежата.

Накратко кажано, сè повеќе се наоѓаме во „удобни меурчиња“, каде невкусните или вознемирувачки вести, мислења, придонеси и лица брзо се исклучуваат, ако воопшто и се појават. Но, опасноста е во тоа што општеството може да се расцепка на многу такви „меурчиња“, и секое да биде одделено од другите. И, како што ќе се оддалечуваат, секое од нив ќе биде вознемирено или шокирано секогаш кога ќе дојде во контакт со другото. Редовното движење и трговија на јавен плоштад, отворената дебата на јавен форум, чувството за заедничко јавно објавување (јавни работи) на плуралистичкото општество – се умерени влијанија кои можат да ослабнат, а нашите чувства да се нарушат. Она што некогаш беше енергично отворено општество, сега станува збир на повеќе затворени микро-друштва, кои живеат на иста територија, но се и подложни на фрагментирање и конфузија.

## Нашите ослабени умови

Социјалните медиуми и паметните уреди може да имат негативно влијание на нашите когнитивни способности. Користењето на социјалните мрежи може да ги зголеми когнитивните предрасуди и вродените грешки при донесувањето на одлуки кои се опишани во познатата книга на нобеловецот бихевиорист, Даниел Канеман, со наслов „Размислување, брзо и бавно“ (во оригинал: Thinking, Fast and Slow). Според него, брзото темпо на испраќање пораки и објавите на вести, како и согледуваната потреба за брзо реагирање на нив, го охрабрува „брзото размислување“ (рефлексивно и емоционално) наспроти „бавното размислување“ (рационално и разумно). Дури и етаблирани и реномирани новински медиуми сега објавуваат емотивни наслови за да





поттикнат вирална дифузија на нивните напишани вести. Од друга страна, луѓето поминуваат помалку време во читање на нивната содржина, дури и кога ја зголемуваат фреквенцијата при споделување на истите. Системите за социјални пораки се оптимизирани да дистрибуираат кратки фрагменти кои честопати изоставуваат важен контекст и нијанси. Ова може да го олесни ширењето на намерно и ненамерно погрешно протолкувани информации или искривени наративи. Скратените објави на социјалните мрежи, во комбинација со впечатливи визуелни слики, може да ги спречи читателите да ги разберат мотивите и вредностите на другите.



## Потребата за свест

Предноста во когнитивната војна му припаѓа на оној кој се движи прв и избира време, место и средства за офанзива. Когнитивната војна може да се води со употреба на различни вектори и медиуми. Отвореноста на платформите за социјални медиуми им овозможува на противниците лесно да насочуваат поединци, избрани групи и јавноста преку социјални пораки, да вршат влијание врз социјалните медиуми, селективно објавување документи, споделување видеа итн. Сајбер-можностите дозволуваат хакирање и  следење на поединци и на социјалните мрежи. Една соодветна одбрана има потреба барем за биде свесна дека кампањата за когнитивно војување е во тек. Потребно е да се креира можност за набљудување и ориентирање пред носителите на одлуки да одлучат како да постапат, а технолошките решенија можат да обезбедат средства за да одговорат на некои клучни прашања: Дали се одвива кампања? Од каде потекнува? Кој го води тоа? Кои можат да бидат нејзините цели? Истражувањата покажуваат дека постојат модели на такви кампањи кои се повторуваат и можат да се класифицираат. Тие дури можат да обезбедат „потписи“ единствени за специфични актери кои можат да помогнат за идентификација.

Едно посебно корисно технолошко решение може да биде еден систем за следење и предупредување за когнитивната војна. Таквиот систем може да помогне да се идентификуваат когнитивните воени кампањи како што се појавуваат и да се следат додека напредуваат. Ова може да вклучува контролна табла што интегрира податоци од широк спектар на социјални медиуми, радиодифузни медиуми, социјални пораки и страници за социјално вмрежување. Таа би прикажувала географски мапи и мапи на социјалните мрежи кои покажуваат развој на сомнителни кампањи низ временски период. Со идентификување на локациите, географски и виртуелни, од каде што потекнуваат објавите, пораките и написите на социјалните мрежи, темите за кои се дискутира, сентименталните и јазичните идентификатори, ритамот на објавувањата и други фактори, контролната табла може да открие врски и повторувачки обрасци. Може да се забележат врски помеѓу „акаунтите“ на социјалните медиуми (на пример, споделувања, коментари, интеракции) и временскиот период. Употребата на алгоритми за машинско учење и препознавање на обрасци може да помогне брзо да се идентификуваат и класифицираат кампањите што се појавуваат без потреба од човечка интервенција. Таквиот систем ќе овозможи следење во реално време и ќе обезбеди навремени предупредувања за донесувачите на одлуки во НАТО Алијансата, со што ќе помогне да се формулираат соодветни одговори на кампањите додека се  појавуваат и се развиваат.

## Размислувања за отпорноста

Уште од своите почетоци НАТО игра суштинска улога во промовирање и зајакнување на граѓанската подготвеност меѓу нејзините земји членки. Членот 3 од Основачкиот договор на НАТО го воспоставува принципот на отпорност, кој бара од сите земји членки на Алијансата „да го одржуваат и да го развиваат својот индивидуален и колективен капацитет и да се спротивстават на вооружен напад“ . Ова вклучува поддршка на континуитетот на владата и обезбедување на основни услуги, вклучително и еластични системи за граѓанска комуникација.

Некои клучни размислувања за НАТО во овој момент се тоа како најдобро да се преземе водство во дефинирање на когнитивни напади, како да им се помогне на членовите на Алијансата да ја задржат свеста и како да ги поддржат поцврстите инфраструктури за граѓански комуникации и рамките на јавното образование, со цел да ги зголемат капацитетите за отпор и да се даде одговор  т.е. да се реагира.

м-р Билјана Поповска

*(адаптирано од: https://www.nato.int/docu/review/articles/2021/05/20/countering-cognitive-warfare-awareness-and-resilience/index.html?fbclid=IwAR02SWlv_zdHTgAx5PhaRS92paYYhnKl-Z6-OZ4HfkbJnIFzLG7Q5nNpkiE)*



# „MQ-25 Stingray“ – беспилотно летало-танкер

На 4.6.2021 година беспилотното летало танкер „Boeing MQ-25 Stingray“, наменето за дополнување на борбени авиони, го изведе првото воздушно дополнување со гориво на авионот „F/A-18F“. Леталото е развиено од воената морнарица на САД, под програмата насловена како „Carrier-Based Aerial-Refueling System“, која е наменета за развој на беспилотно летало-танкер базирано на носач на авиони, со намена воздушно дополнување со гориво на леталата стационирани на бродот-носач на авиони. Според плановите на воената морнарица на САД, ќе бидат стационирани по 4 летала „MQ-25 Stingray“ на бродовите-носачи на авиони од класата „Nimitz“ и „Gerald R. Ford“. При развојот на леталото е користена стелт-технологијата, а конструкцијата е зајакната и приспособена за оперирање од носачи на авиони. Леталото има должина од 16 m, распон на крилата од 23 m (кога се склопени 9,5 m) и височина од 3,4 m, но кога се склопени крилата достинува височина од 4,8 m. Во леталото е вграден еден турбовентилаторен млазен мотор „Rolls-Royce AE 3007N“, со потисок од 44kN. Леталото има долет од 930 km кога носи гориво од 6.800 kg. „MQ-25 Stingray“ под секое крило има по еден подвесен носач на кој се прикачува подвесен контејнер кој овозможува преточување на гориво во лет.




# Патролен брод подморница „Стриж“ („Чувар“)

Руското биро за дизајнирање на пловила „ЦКБ МТ Рубина“, во месец април претстави нов дизајн на патролен брод подморница „Стриж“, односно пловило кое ќе ги комбинира добрите особини на подморницата и патролниот брод. Пловилото е наменето за извоз, а развојот е поттикнат од малата цена на патролните бродови кои се мултифункционални, односно можат да изведуваат обезбедување на морскиот граничен појас, изведуваат спасувачки мисии и како пловило за испитувања. Предности на овој концепт е можноста да се избегне површинското невреме со подводно пловење, не прекинувајќи ја патролната мисија поради лошото време, воедно прикириено извидување, набљудување и јавување, но и за обука на нов екипаж. Според надворешниот изглед пловилото потсетува на подморницата „Проект 613“. Според плановите, пловилото ќе поседува должина од 60 m до 70 m, а тежината би требало да изнесува околу 1.000 тони. Екипажот ќе биде составен од 42 морнари. По желба на корисникот, пловилото ќе може да се опреми со торпеда, наведувани мали ракети и автоматски топови, додека електронската опрема што ќе се вградува ќе биде иста со онаа на патролните бродови. Пловилото ќе биде опремено и со гумени чамци за пресретнување и за контрола на бродови и со извидувачки беспилотни летала со време на летање од 3 часа.




Ивица Дамески




# Под знамето на ОН

## Партнерства во исполнувањето на мировните мисии

Мировните сили, особено ангажираните со мандат за давање помош при транзиции на политички и државни уредувања во земјите-домаќини, не се во состојба сами да ја имплементираат доделената мисија. Принудени се да соработуваат со партнери инволвирани во мировниот процес, да ги прифаќаат и да ги користат предложените решенија од нивна страна

Партнерствата се сметаат за клучни во ефикасното спроведување на мировните операции, а партнерски аранжмани можат да бидат вклучени на различни нивоа и фази во текот на спроведувањето на мировната мисија. Основата на партнерствата со ООН се базира на интересот и ресурсите кои ги нуди секој партнер поединечно. Но, различните видови на заеднички ангажмани на ОН и регионалните организации претставуваат и голем предизвик. Таквите ангажмани варираат во зависност од типот на регионалната организација, карактеристиките и начинот на соработка со истата, вклучувајќи ги нејзините структури на управување, членството, нивото на интероперабилност и искажаните интереси. И заедничките активности со разни регионални и субрегионални организации во рамките на мировните мисии се различни.

Организации со кои ОН имаат најуспешни заеднички ангажмани се Арапската лига, Африканската унија (АУ), Европската Унија (ЕУ), Здружението на нации од Југоисточна Азија (ASEAN), Организацијата за договор за колективна безбедност (CSTO), Организацијата за безбедност и соработка во Европа (OSCE) и НАТО. Секоја од нив е со посебен однос со ОН и соработува во различни етапи на имплементација на мировната мисија. Сепак, најсилни врски имаат воспоставено со ЕУ и АУ. Повеќето мировни операции на ОН се спроведуваат на африканскиот континент (приближно 75 % од мировниците на ОН се распоредени во Африка, речиси со исто толкав процент од буџетот за мировни операции) и најголем број на соработници се Африканци. ЕУ е вклучена во многу од тие операции како партнер за обука или финансиски поддржувач.

Факти кои потврдуваат зошто регионалните пристапи и организации се од интерес за мировните операции се: конфликтите денес обично не се во рамки на државните граници и имаат регионална или меѓународна димензија; субјекти поблиски до проблемот честопати можат да бидат во подобра позиција да го разберат проблемот на конфликтот и поефективно да влијаат врз изнаоѓањето решение за истиот. Имајќи ја предвид близината на субјектите до жариштето на конфликтот, истите честопати можат да имаат поголем интерес за решението на проблемот. Со други зборови, тие имаат суштински, директен удел во обезбедувањето соодветно решавање на конфликтот.

На ова се надоврзуваат и предностите на тие организации во однос на ОН, кога станува збор за распоредување во мировна операција, особено

кога е во прашање способноста за брзо пренесување на овластувања, мобилизирање и распоредување на силите на теренот (во Мали и во Централноафриканската Република – ЦАР); полесната политичка прифатливост како локален актер инволвиран во изнаоѓањето одговор на кризи (во Јужен Судан) и подготвеноста за преземање пообемни операции за разлика од ОН (во Сомалија).

## Соработката на ОН со АУ

Мировните операции во Африка се различни по форма, се разликуваат по својата содржина и АУ извршува различни задачи:

- UNAMID во Дарфур – АУ ги распоредила своите мировни сили во западен Судан (Дарфур) во 2006 г., мисија која во 2008 г. била заменета со распоредување на мировници од составите на ОН и АУ заедно.
- AFISMA во Мали и MISCA во ЦАР – мировниците на АУ биле распоредени пред распоредување на силите на ОН (во 2012г). И во обете, мисиите на АУ биле трансформирани во мисии на ОН преку процес во кој контрибуторите со воени и полициски мировни формации на АУ преминале под команда на ОН.
- Во Сомалија, ОН обезбедуваат логистичка поддршка на мисијата на АУ (AMISOM) преку Канцеларијата за поддршка на ОН (UNSOS), како и поддршка на политичкиот процес преку мисијата за помош UNSOM.
- Во Мали, АУ ја имала распоредено мисијата MISAHEL (2015 г.), со задача да се унапреди политичкиот процес, паралелно со мисијата на ОН MINUSMA (од 2013 г.).

Во таквите ангажмани, АУ ја покажала својата способност за преземање операции за стабилизација и антитероризам. Покрај тоа, силите на АУ можат успешно да ги надополнат пошироките меѓународни напори за одржување на мирот со специфични капацитети за извршување специјализирани задачи. Капацитетите и оперативните способности што ги дава на располагање се покажале особено корисни, но одржливи на краток рок. Кога станува збор за одржување на долгорочни мировни операции, АУ често зависи од ОН и не се во состојба за целосно спроведување на мировни договори. Дополнително, АУ нема одржливо финансирање и можности за комплетно управување со мировна операција.

Овие слабости и недостатоци на АУ биле причина за препуштање на мировните операции во Мали и во ЦАР на одговорност на ОН. На повеќето воени единици кои првично биле распоредени во тие мисии им недостасувале потребните оперативни способности и вештини, делумно поради неможноста на АУ да ги финансира операциите на ист начин како што тоа го практикува ОН, со вршење финансиски процени. Од истите причини ООН продолжува да обезбедува пакет за логистичка поддршка на Мисијата на АУ во Сомалија (AMISOM), вклучително и персонал и поддршка на мисијата за испорака на тие ресурси.

Во спроведувањето на мисиите, заедничките ангажмани на ОН со АУ и ЕУ повеќе се „ad hoc“ по природа отколку што се предвидени и планирани. За развој на овие партнерства потребен е посериозен политички дијалог помеѓу организациите, имајќи ги предвид капацитетите со кои располагаат различните регионални и субрегионални организации. Од големо значење е и нивниот географски контекст.

## Елементи за гарантиран успех на партнерите

Во имплементацијата на мировната мисија многу е важно, како засегнатите страни така и партнерите на „сините шлемови“ да бидат соодветно, ефикасно и навремено ангажирани во исполнувањето на својата улога на теренот. Во реализација на операцијата во ЦАР, покрај ОН, била вклучена и АУ, како главен актер во напорите за медијација. Во тој случај, различните претставници, овластени за организирање и водење на политичкиот процес, успеале да започнат преговори со најголемиот број вооружени групи за изнаоѓање политичко решение на конфликтот, што претставува одличен пример за добра координација на сите „актери“ во процесот.









Добар пример на координирано партнерство на терен се синхронизираните активности на различните актери во мисијата на ОН во Мали (MINUSMA). Во овој случај, мировниците на ОН биле фокусирани главно на мировниот процес и заштитата на цивилите, додека останатите актери (партнерите) ја поддржувале реформата на безбедносниот сектор (ЕУ) и спроведувале антитерористички операции (француските Barkhane forces and the G5 Sahel Force). Паралелното распоредување на терен на сили со капацитети за реализација на различни специфични задачи и активности во рамките на мисијата не е ново, и тие само ја потврдуваат важноста од целосно разбирање на доделените мандати, улогите и одговорностите на различните актери на теренот, како и можностите на ОН за успех во одржување на мирот. Особено важни се и подготвителните активности за воспоставување односи со различните засегнати страни и партнери пред отпочнување на процесот. Од особена важност е одредувањето соодветни лица за менаџирање со специфични прашања во рамките на создавањето услови за отпочнување на мировниот процес и изнаоѓањето политичко решение, прифатливо за сите засегнати страни на теренот. Постојат бројни примери на мировници по потекло од регионот каде се имплементира мисијата, кои многу полесно можат да бидат ангажирани во процесот на градење релации со засегнатите страни, отколку мировници кои недоволно ја разбираат културата и особеностите на народот опфатен со конфликтот. Подеднакво е важно соодветно да бидат воспоствени и градени односи и со маргинализираните групи.
Успехот на терен е условен директно и од навремено предвидување на можните политички сценарија, со цел да се предвидат можни поддржувачи и соработници во исполнувањето на мисијата, но и потенцијалните локални лидери, противници на политичкото решение, доколку настане промена и отстапување од зацртаните планови. Изнаоѓањето политички решенија не значи едноставно здружување на локалните лидери. Во основа, потребна е добро осмислена политичка кампања, со цел да бидат идентификувани и поддржани актерите кои би можеле да обезбедат стабилност на општеството. Јасната поделба на обврските, а со тоа и на одговорностите, од почетокот на имплементација на мандатот, исто така може да помогне во поттикнување јакнење на партнерствата. Останува предизвикот Одделот за планирање мировни операции при ОН навремено да процени кога „сините шлемови“ треба да бидат повлечени или да прекинат со извршување одредени задачи и понатамошните активности да бидат препуштени на одговорност на регионалните и субрегионалните партнерски организации. Одлучувачко за вакво нешто се реалностите на теренот. Дури ако и ОН ја намалат својата вклученост во извршувањето одредени задачи за да им се овозможи на регионалните или суб-регионалните актери поголема инволвираност, останува потребата ОН да преземат активна улога во осигурувањето дека партнерските организации не отстапуваат од договорените планови (преку механизми за обука, активности за градење на специфични капацитети итн.). Од ова може да се заклучи дека важноста на партнерствата во контекст на градење специфични капацитети во рамките на регионалните и субрегионалните организации е од особено значење, посебно во случаи кога ОН не се во можност да мобилизираат политичка поддршка или интерес за распоредување во одредени региони.

М.С.






# „Lockheed P – 38 Lightning“

Креативноста и иновативноста во Втората светска војна достигнала ново ниво со појавата на авионот „Lockheed P – 38 Lightning”. Необичниот изглед бил надополнет со огромната огнена моќ која ја поседувал авионот. На прв поглед, сојузничките пилоти биле скептични и создале мислење дека авионот претставувал еден обид за експеримент кој не би функционирал во услови на битка. Тоа мислење набргу било променето

Од 1942 година до 1945 година, пилотите на воените воздухопловни сили на САД ефективно изведувале мисии со овој воздухоплов. Тие изведувале воздушни борбени операции над европското тло, Медитеранот, Пацификот,. па дури и над Алеутските Острови и Северноафриканската Пустина. Во пацифичкиот борбен сектор, сојузничките пилоти на „Р-38” собориле најмногу јапонски воени авиони отколку пилотите на кој било друг борбен авион во Втората светска војна. Необичниот изглед и перформанси предизвикувале страв кај непријателот, особено во германските копнени единици. Тие го именувале воздухопловот „виљушкастиот ѓавол“. „Lockheed P – 38 Lightning” бил американски ловец со необичен изглед. Двата мотори биле вградени во две посебни конструкции, додека пилотската кабина и вооружувањето се наоѓале во посебен среден конструкциски дел. Сите три делови биле споени со помош на крилната конструкција. „Р – 38” бил првиот американски ловец кој бил



способен да развие брзина од 640 километри на час. Неговиот дизајн овозможувал активно дејство против непријателски воздушни цели на поголемо растојание. Авионот бил дизајниран од фирмата „Lockheed" во 1937 година. Дизајнот бил одговор на побарувачката на воздухопловните сили на САД. Тие поставиле параметри за нивните потреби, односно потреба од ловец-пресретнувач со способност за оперативна употреба на големи висини. Поимот „пресретнувач" бил намерно употребен од порачниците Бен Келси и Гордон Савиљ, со цел да се изманипулираат рестриктивните граници на воздухопловните сили на САД. Границите се однесувале на тежината на вооружувањето и бројката на мотори што еден воздухоплов ловец-пресретнувач би требало да ги има. Бен и Гордон издале и спецификации за пресретнувач со еден мотор, проект кој всушност се претворил во авионот „Bell P – 39 Aircobra". Бараните карактеристики од способност за искачување на висина од 6000 метри за период од 6 минути и способност за достигнување на брзина од 580 километри на час, биле преточени во прототипот „XP – 38". Прототипот бил вистински предизвик за главните дизајнери на „Lockheed" – Хол Хибард и Кели Џонсон. Тие тестирале многу видови платформи за моторите, но одлучиле да го одберат најрадикалниот дизајн. Дизајнот подразбирал одделни платформи за секој мотор со сопствени турбо-суперчаџери. Вооружувањето и пилотската кабина биле сместени во воздушна констуркција која била позиционирана во средниот дел на авионот. Моторните платформи и платформата за пилотската кабина биле поврзани со крилната воздушна конструкција. Задниот дел на моторните платформи завршувал со опашка. Двете вертикални опашки биле поврзани со хоризонтална воздушна конструкција. Претходно, ниту еден авион не бил дизајниран на наведениот начин.

Авионот бил придвижуван од два мотори „Allison V – 1710" со 12 цилиндри. Овие мотори овозможиле „P – 38" да биде првиот ловец кој бил способен да надмине брзина од 640 километри на час. Положбата на пропелерите и големата моќ на моторите предизвикувале вртежен момент кој создавал вибрации и нестабилност. Елиминацијата на овој сегмент се случила со вградување на пропелери со контра ротација. Пилотската кабина на авионот била од типот на „bubble" кабина, која овозможувала супериорна прегледност на пилотот во споредба



| ГЛАВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „LOCKHEED P – 38L LIGHTNING" | |
|---|---|
| ЕКИПАЖ | 1 |
| ДОЛЖИНА | 11,53 метри |
| РАСПОН НА КРИЛАТА | 15,85 метри |
| ВИСИНА | 3,91 метри |
| МОТОР | Два клипни мотори „Allison V – 1710 – 111" со 12 цилиндри, способни да развијат 1600 коњски сили. Моторите биле ладени со помош на течност. |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 666 километри на час, на висина од 7620 метри |
| ОПСЕГ НА ОПЕРАТИВНО ЛЕТАЊЕ | 2100 километри |
| МАКСИМАЛНА ВИСИНА НА ЛЕТАЊЕ | 13000 метри |
| ВООРУЖУВАЊЕ | Вооружување Четири митралези „M2 Browning" со калибар од 12,7 милиметри, со вкупно 2000 парчиња муниција.<br><br>Еден топ „Hispano M2 (C)" со калибар од 20 милиметри со вкупно 150 парчиња муниција.<br><br>Максимална носивост до 2000 килограми на бомби, дополнително гориво и ракети. |



со пилотските кабини на другите ловци од тој период во војната. Разликата од другите ловци била во дизајнот на тркалата. „P – 38 Lightning" бил авион со три тркала. Две тркала биле позиционирани во моторните гондоли, додека едно било позиционирано во средната – пилотска воздушна конструкција. Можеби најневообичаено за овој авион било вооружувањето и начинот на кој тоа било поставено.
За разлика од тогашните ловци, вооружувањето на „P – 38" било лоцирано во средната воздушна конструкција, пред пилотската кабина. Овој сегмент овозможувал поголем дострел. Вообичаено, вооружувањето на ловците од тој период на војната било лоцирано во крилата. За крилното вооружување било потребно да се постигне вкрстување на линијата на оган, односно вооружувањето морало да се синхронизира на одредено растојание. Имено, вооружувањето на „P – 38" немало потреба од наведената синхронизација и било со огромна огнена моќ. Токму овој сегмент овозможувал поголем дострел на вооружувањето. Почетните конфигурации биле од два митралези „Browning M2" со калибар од 12,7 милиметри, два митралези „Browning" со калибар од 7,62 милиметри и еден топ „T1 Army Ordnance" со калибар од 23 милиметри. Било извршено дополнително тестирање, по кое била одлучена конечната конфигурација на аивонот – четири митралези „Browning M2" со калибар од 12,7 милиметри и еден топ „Hispano" со калибар од 20 милиметри.
Во развојот на прототипот бил забележан проблем кој бил потенцијално опасен за пилотите. При „нуркање", односно движење во насока од голема висина надолу, авионот губел контрола. Носот на авионот се придвижувал под агол од речиси 90 степени вертикално во однос со земјата. Брзината предизвикувала огромни вибрации кои создавале тешка контрола на авионот. Овие проблеми биле предизвикани од големата аеродинамичка компресија. „Lockheed" го решил проблемот со поставување на воздушни филети и воздушни кочници лоцирани на крилата за рестрикција на брзината при „нуркање". Освен тешкото вооружување, авионот бил способен за носење на надворешни резервоари, бомби и ракети. Надворешните резервоари овозможувале поголем максимален опсег на летање. Овој сегмент бил добредојден за екипажите на бомбардерите, бидејќи добиле ловец со одлични маневарски способности и вооружување што ги придружувало и ги штителo во мисиите кои биле на големо растојание од нивните бази. Големиот капацитет на носивост подразбирал и употреба на „P – 38" во улога на ловец-бомбардер. Неговиот дизајн овозможувал помала стапка на загуби на авиони при извршување на мисии во улога на ловец-бомбардер. Причината за малите загуби потекнувала од дизајнот и поставеноста на неговите два мотори. Кога едниот мотор бил уништен или оштетен, другот го одржувал аовионот во лет. Авионот бил многу отпорна цел за соборување. Иако бил употребуван речиси на секое воено жариште во Втората светска војна, најбитната мисија во која „P – 38" учествувал се реализирала во пацифичкиот борбен сектор. Американските криптоаналитичари декодирале јапонски пораки кои содржеле информација за местото и времето на летање на командантот




на јапонската морнарица – адмирал Исоруку Јамамото. Адмиралот бил главниот креатор на нападот на Перл Харбор. Планираниот лет имал цел да ги посети јапонските единици на фронтот во обласа на Гвадалканал. Високата команда на САД прценила дека елиминацијата на адмиралот би претставувало сериозен удар врз јапонскиот морал. На 18 април 1943 година, 14 авиони „P – 38 Lightning" летале 700 километри на висина од 3 до 15 метри над океанот, со цел да не бидат забележани. Близу брегот на Буганвил забележале два јапонски бомбардери „G4M Betty". Во еден од нив бил адмиралот Јамамото. Бомбардерите имале придружба од 6 ловци „A6M2 Zero". Пилотите ги собориле двата бомбардери, а со тоа ја исполниле и мисијата за елиминација на адмирал Јамамото. Само еден „P – 38" бил уништен од јапонските ловци. Покрај одличните карактеристики, авионот имал само еден недостаток – соодветно греење во пилотската кабина. Авионот немал соодветна грејна инсталација, а отсуството на греење било и поради отсуството на мотор лоциран пред пилотската кабина. Сите конвенционални ловци до појавата на „P – 38" имале мотор пред пилотската кабина, кој на некој начин помагал за греењето и темепратурата на кабината.

## Варијанти

Постојат многу развојни варијанти на овој авион, но само некои биле соодветни за оперативна употреба низ сите борбени сектори во Втората светска војна.
„P – 38F" е варијанта со надворешни носачи за резервоари или бомби. Капацитетот на носивост на бомби и ракетни проектили изнесувал 1000 килограми. Биле произведени 527 авиони. „P – 38G" е варијанта со модифицирана радиоопрема. Биле произведени 1082 авиони. „P – 38 H" е варијанта со способност за носивост на бомби од 1600 килограми. Оваа варијанта имала и автоматски флапови на радијаторот за масло. „P – 38J" е варијанта која била изложена на повеќе подобрени модификации. Подобрувањата ги вклучувале радијаторите под моторните гондоли, дополнителен заштитен оклоп на пилотската кабина и зголемен капацитет на гориво. Биле произведени 2970 авиони. „P – 38K" е варијанта со зголемени/ проширени пропелери и мотори кои развивале 1425 коњски сили. Бил прозведен 1 авион, „P – 38L", варијанта со мотори кои развивале 1600 коњски сили. Биле произведени 3923 авиони.

Димитар Даневски



# 19 години чувари на мирот во Авганистан

Оваа година, со враќањето на припадниците од македонскиот контингент кои придонесуваа во мисијата „Одлучна поддршка“ во Авганистан, официјално заврши придонесот на Армијата на Република Северна Македонија во Авганистан. Припадниците на Армијата учествуваа во мисиите на Алијансата во Авганистан, ИСАФ и „Одлучна поддршка“ од 2002 година. Во периодот од 2002 до 2015 година, околу 3000 припадници на Армијата беа дел од силите ИСАФ, на различни позиции и со различни задачи. Нашите војници, подофицери и офицери, работеа како штабни офицери, припадници на единици на обезбедување на главната команда, инструктори во тимови за менторирање, а беа дел и од медицински и хируршки тимови. Во ИСАФ, свој придонес дадоа и специјалните единици, кои работеа заедно со припадниците на Националната гарда на Вермонт, во здружени тимови. Од 2015 г., припадниците на Армијата даваа свој придонес во мисијата „Одлучна поддршка“, и тоа со петстотини припадници распоредени во Командата за обука, советување и асистенција – главен град Кабул, во Командата на мисијата, со задача обезбедување на командата, во тим за советување во командата Север, во рамките на заедничкиот придонес на групата А5 во Центарот за здружени операции на КОСА – Север и во хируршки тим во норвешката Role-2 болница.



# Пиштол „Beretta Px4 Storm“

Пиштолот „Beretta Px4 Storm“ припаѓа на четвртата генерација пиштоли и поседува современ модуларен дизајн кој се карактеризира со голем квалитет на изработка, многу сигурно функционирање и безбедносен механизам, одлична прецизност, одличен баланс и ергономија, добро распоредени и лесно достапни двострани команди, компактни димензии, рамка за муниција со голем капацитет, лесно расклопување, чистење и одржување. Пиштолот припаѓа на групата полуавтоматски оружја, а се изработува од челик и техно полимер. Од челик се изработуваат навлаката со затворачот, цевката, механизмот на чкрапалото и рамката за муниција, додека од техно полимер се изработува ракофатот. Навлаката е потполно затворена и поседува трапезоиден облик, а за заштита од надворешни влијанија е брунирана. На неа се поставени механички ниски борбени нишани со можност за корекција по правец, опремени со три бели точки. На предниот долен дел од рамот на ракофатот има шина според стандардот MIL STD 1913, наменета за поставување ласерски нишан или тактичко светло. Инаку, на рамот од ракофатот се поставени двостраните команди за расклопување на пиштолот (по примерот на Glock), копчето за ослободување на рамката за муниција кое по желба на корисникот може да се постави од лева или од десна страна (за кое се развиени 3 различни големини на копчето), додека само од левата страна е поставен лостот за утврдување/ослободување на навлаката. На задниот бочен дел од навлаката, во зависност од верзијата на пиштолот, има вградено двостран лост кој има улога на кочница или декокер. „Px4 Storm“ функционира со кратко повлекување и ротација на цевката околу својата оска од 180° (модифициран од пиштолот „Beretta P8000“), додека од пиштолот „Beretta 92“ е преземен механизмот за повлекување на чкрапалото и сигурносниот механизам, но се вградуваат и други механизми на чкрапалото со различен начин на дејство. Механизмот на чкрапалото и удирачот се изработени во една компактна целина, заштитени со пластични страници и, доколку се оштети некој дел од склопот, може целиот лесно да се извади од ракофатот и веднаш да се постави друг исправен механизам. Инаку, на пиштолот се вградуваат 4 различни механизми на дејство означени под буквите F, G, D и C. Верзијата „F“ има класично DA/SA дејство на повлекување и двостран лост на навлаката во функција на манелна кочница и декокер. Верзијата „G“ има класично DA/SA дејство и двостран лост во функција на декокер. Верзијата „D“ има DAO-дејство на повлекување и не поседува мануелна кочница, нема декокер, ниту класичен надворешен удирач. Верзијата „C“ има таканаречено „constant action“ дејство, кое од другите механизми се разликува со олеснато и скратено DAO-дејство, односно со напола затегната пружина на удирачот и не поседува мануелна кочница и декокер, ниту класичен надворешен удирач. За поголема безбедност при ракување, пиштолот има вградена автоматска внатрешна кочница во вид на лост, што ја блокира ударната игла и овозможува без никакви други системи многу безбедно користење. Внатрешно, цевката е тврдо хромирана и поседува 6 жлебови, изрежани со десен чекор на ротација. Постојат и примероци со подолга цевка за прифаќање на придушувач на истрел.

Ракофатот на пиштолот е одлично ергономски решен на нов иновативен начин, односно за него се развиени и три вметнувања со мала, средна и голема дебелина, кои се поставуваат на задниот дел од ракофатот, со цел негово полесно приспособување според раката на корисникот. За оваа замена потребно е ноже. Позиционирањето на овие вметнувања се изведува со метален утврдувач во облик на буквата „П“ и се вметнува од долната страна на ракофатот. Но, за изведување на оваа функција, рамката за муниција треба прво да се извади. Првата „full size“ верзија на „Px4 Storm“ била опремена со челична дворедна рамка за муниција со капацитет од 17 куршуми (со калибар 9 mm), но подоцна е развиена и со капацитет од 20 куршуми. Рамката за муниција одзади има мали отвори за подобра прегледност на состојбата со муниција. Главни делови на пиштолот се: полимерскиот ракофат, чкрапалото и неговиот механизам, навлака со преден и заден механички нишан и затворач, повратна пружина и водиште на повратната пружина, склопка (преку која се поврзуваат водиштето и цевката), цевка и рамка за муниција. Расклопувањето и склопувањето на пиштолот е едноставно и се изведува без алат. Пиштолот се произведува во неколку основни верзии и подверзии, и тоа: Px4 (за муниција 9x19 mm и .40 S&W), Px4 Type C (за муниција 9x19 mm и .40 S&W), Px4 .45 (за муниција .45 ACP), Px4 SD (за муниција .45 ACP), Px4 Compact (за муниција 9x19 mm и .40 S&W) и Px4 Sub-Compact (за муниција 9x19 mm и .40 S&W). Инаку, првите години пиштолот се произведувал и за муницијата 9x21 mm. Денес во светот пиштолот го користат различни безбедносни служби или армиски единици на околу 16 држави.

Ивица Дамески







1. Заден механички нишан
2. Ударна игла
3. Навлака
4. Склопка за водење и поврзување на цевката со водиштето на повратната пружина
5. Преден механички нишан
6. Цевка со калибар 9 mm
7. Водиште со повратна пружина
8. Picatinny-шина
9. Механизам за расклопување на пиштолот
10. Штитник на чкрапалото
11. Чкрапало




**12.** Механизам за утврдување/ослободување на рамката за муниција
**13.** Рамка за муниција
**14.** Потиснувач на куршуми
**15.** Пружина на рамката за муниција
**16.** Техно полимерски модуларен ракофат
**17.** Пружина и носач на пружината за удирачот
**18.** Лост за поврзување на чкрапалото со неговиот механизам
**19.** Механизам на чкрапалото
**20.** Удирач
**21.** Лост на мануелната кочница кој има улога и на декокер

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА PX4 STORM (FULL SIZE) | |
|---|---|
| КАЛИБАР/МУНИЦИЈА | 9 mm / 9x19 mm |
| ДОЛЖИНА | 193 mm |
| ВИСОЧИНА | 140 mm |
| МАКСИМАЛНА ШИРОЧИНА | 36 mm |
| ШИРОЧИНА НА РАКОФАТОТ | 30 mm |
| ДОЛЖИНА НА ЦЕВКАТА | 102 mm |
| НИШАНСКА ЛИНИЈА | 146 mm |
| ТЕЖИНА ПРАЗЕН | 785 kg |
| БРЗИНА НА ПРОЕКТИЛОТ | 360 m/s |
| ЕФИКАСЕН ДОСТРЕЛ | 50 m |
| КАПАЦИТЕТ НА КУРШУМИ | 17 |




# Авион „KAI T-50 Golden Eagle“

Корејската воздушна индустрија во текот на 1999 година станала помалку зависна од основачките компании, зајакнувајќи ги интересите во воздухопловството и во вселената по налог на јужнокорејската влада, особено по финансиските проблеми на овие компании, кои биле резултат на азиската финансиска криза во 1997 година.
Во овој дел го претставуваме воздухопловот кој ни доаѓа од овој дел на Истокот. Станува збор за „Златниот орел“ со ознака „KAI T-50“ од семејството на јужнокорејските суперсонични и напредни авиони (суперсонична брзина е брзина на објект што ја надминува брзината на звукот / Mach 1 и оваа брзина за воздухопловите што летаат на ниво на морето е приближно 343.2 m/s односно 1 236 km/h). Авионот „KAI T-50 Golden Eagle“ е првиот суперсоничен авион во Јужна Кореја и еден од ретките суперсонични авиони за обука во светот. Корејската воздушна индустрија со поддршка на државата и во соработка со компанијата „Lockheed Martin“ го развила овој лесен борбен авион, првенствено наменет за обука. Развојот на леталото бил финансиран со 70% од јужнокорејската влада, 17% од корејската воздушна индустрија и 13% од „Lockheed Martin“.

## Развој и карактеристики

Програмата за развој на „KAI T-50 Golden Eagle“ започнала кон крајот на 1990-тите години, а првиот лет бил реализиран во 2002 година. Иницијалната оперативна процена била направена во 2003 година, а авионот станал целосно оперативен и влегол во службата на воздухопловните сили на Република Кореја во периодот од 2005 до 2007 година. Програмата за дизајн и изградба на „T-50“ првично била наменета за развој на сопствен авион, способен за суперсоничен лет, дизајниран да обезбеди обука на пилотите за корејските варијанти на „F-16“ и „F-15“, како и за сегашните и следните генерации ловци како што се напредните „F-22“ и „F-35“. Со оваа програма било предвидено замена



на претходните модели „T-38“ и „A-37“, кои во тоа време биле активни во воздухопловните сили на Република Кореја. Општо земено, авионската серија „T-50“, според конфигурацијата и дизајнот е слична со корејската варијанта на авионот „General Dynamics F-16 Fighting Falcon“.
Двете компании, во соработка со Јужна Кореја, спровеле заедничка маркетинг програма за „T-50“ на меѓународно ниво. Во таа насока, соработката на Јужна Кореја во однос на испорака на варијантите се реализирала со Индонезија, Тајланд, Филипини и САД. Освен варијантата за обука, постојат дополнително развиени модели во акробатски варијанти (Black Eagles), борбени варијанти, како и повеќенаменски ловец со едно седиште.
Варијантите за обука „T-50“ имаат шема на бои од бела, црна и црвена боја, а варијантите за акробации се карактеристични по белата, црната и жолтата боја.
Варијантата „TA-50“ е потешко вооружена верзија на тренерот „T-50“, наменета за водечки борбени обуки и во улога за лесен напад. Овој модел е дизајниран да оперира како борбена платформа со прецизно оружје, ракети „воздух-воздух“ и ракети „земја-земја“. Вооружената верзија на „TA-50“ може да биде опремена со разно вооружување од типот: топ „M61 Vulcan“ 20 mm, ракети „AIM-9 Sidewinder“, „AGM-65 Maverick“, „Hydra 70“, како и бомби „CBU-58“, „Mk-20“, „Mk-82, 83, 84“. На авионот „TA-50“ може да се поставаат дополнителни точки за извидување, таргетирање и електронско војување. Исто така, се развиваат нови варијанти на извидување и електронско војување, назначени како „RA-50“ и „EA-50“ (Reconnaissance and Electronic Warfare Variants).
Постои варијанта „FA-50“ која е најнапредната и една од поновите верзии на „T-50“. Првиот лет на „ФА-50“ се случил во 2011 година. Оваа варијанта поседува поголем внатрешен капацитет на гориво, подобрена авионика, подолг долет и тактичка врска со податоци. Овој модел е опремен со модифициран израелски радар кој има опсег за две третини поголем од радарот TA-50. Во декември 2008 година, Јужна Кореја доделила договор на корејската воздушна индустрија за модификација на четири T-50 во стандард ФА-50. Корејската воздушна индустрија во мај 2013 година добила нарачка во вредност од 1 милијарда долари за нови борбени авиони „ФА-50“.
Сепак, најновата варијанта е од декември 2015 година, кога корејската воздушна индустрија ја објавила новата надградба на KAI-LM T-50 TX, наменета да се натпреварува во американската програма TX, која започнала со тестирање во 2016 година. Оваа нова варијанта, базирана на повеќенаменски борбени авиони „ФА-50“, вклучува кокпит од петтата генерација со мултифункционални дисплеи.
Авионскиот оперативен систем е првиот и единствен оперативен систем во реално време, развиен од азиска компанија. Двете компании, „Samsung Thales“ and „LIG Nex1“ се главните развивачи на опрема за авионика и електронска борба за T-50 и неговите варијанти. Постојат и безброј други јужнокорејски компании и институции во одбраната кои се одговорни за секундарната авионика и вградените системи во авионот, вклучително и компјутерите за управување, опремата за тестирање авионика, софтвер за анализа на податоците, систем за обработка на податоци после летот, софтвер за управување со моторите и системи за планирање и поддршка на мисиите. Радарите за класичната варијанта биле развиени од страна на „Lockheed Martin“, а моторите со Full Authority Digital Engine Control (FADEC) изградени под лиценца на „Samsung Techwin“. Авионот поседува богата опрема и системи како што се: Fly-By-Wire Controls and Hands On Throttle And Stick (HOTAS), Full Colour Multifunction Displays, Head-Up Display (HUD), Digital Flight Control System, Global Positioning / Inertial Navigation System, Radar Altimeter, Integrated VOR / Instrument Landing System, Multi-Mode Radar, Onboard Oxygen Generating System (OBOGS) и друго. Постојат седум внатрешни резервоари за гориво (пет во трупот и два во крилата), а дополнително гориво може да се стави во три надворешни резервоари за гориво, со што се зголемува долетот и оперативноста на овој авион.

потполковник Драган Павловски



Корејската воздушна индустрија (Korea Aerospace Industries) е основана за воздушни и одбрани цели на военото воздухопловството на Јужна Кореја (Republic of Korea Air Force - RoKAF). Првично била формирана како заедничко вложување на компаниите: „Samsung Aerospace“, „Daewoo Heavy Industries (Aerospace Division)“ и „Hyundai Space and Aircraft Company“.

| ГЕНЕРАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ | |
|---|---|
| ПОСАДА | 1 до 2 пилоти |
| ДОЛЖИНА | 13,14 м |
| ВИСИНА | 4,94 м |
| ТЕЖИНА НА ПРАЗЕН АВИОН | 6 470 кг |
| МАКСИМАЛНА ТЕЖИНА НА ПОЛЕТУВАЊЕ | 12 300 кг |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 1 837 км/час |
| ДОЛЕТ | 1 851 км |
| БРЗИНА НА КАЧУВАЊЕ | 198 м/сек |
| СПОСОБЕН ДА ИЗДРЖИ ОПТОВАРУВАЊЕ | g: +8 −3 |
| ВИСИНА НА ЛЕТ | 14 630 м |



# „ACV 1.1" амфибиско борбено возило 8x8 на Маринскиот корпус на САД

Програмата „ACV 1.1" е иницирана од Маринскиот корпус на Соединетите Држави (USMC) во 2011 година за да го замени своето старо семејство на амфибиски напаѓачки возила (AAV), кое стапи во употреба во 1972 година. Програмата „ACV" е наменета да го замени 40-годишното амфибиско напаѓачко возило. Претходните напори за замена во вредност од 3 милијарди американски долари, што се смета за експедитивно борбено возило, беа откажани во 2011 година заради слабата сигурност на системот и растот на трошоците, според Конгресната служба за истражување. Новото возило е дизајнирано да нуди подобрен опстанок и оптоварување во споредба со постоечката флота на USMC со возилата „AAV7". Маринскиот корпус ја одобри првичната оперативна способност на „ACV" во ноември 2020 година.

Амфибиското борбено возило „ACV 1.1" е ново оклопно возило дизајнирано и произведено од „BAE Systems" во соработка со „Iveco Defence Vehicles"



## Развој на борбените возила „ACV 1.1“

На компанијата „BAE Systems“ ѝ беше доделен договор од 184 милиони американски долари од страна на USMC (US Marine Corps) за првите 36 „ACV“ возила во декември 2020 година. Во февруари 2021 година, USMC склучи договор од 184 милиони американски долари за целосно производство на уште 36 дополнителни возила, со што вкупниот број возила достигна 72. Верзијата „ACV-P“ оклопен транспортер ќе се произведува според договорот. Претходно, во мај 2015 година, „BAE Systems“ поднесе понуда за развој на возилата „ACV 1.1“. Потоа компанијата доби договор за инженеринг, производство и развој (EMD) вреден 103,7 милиони американски долари за испорака на 16 прототипови „ACV 1.1“ во ноември 2015 година. Првиот прототип според договорот беше доставен до USMC во декември 2016 година. Испораката на останатите 16 прототипови беше завршена до крајот на 2017 година. Една од главните грижи во врска со амфибиското напаѓачко возило беше неговиот недостаток на преживување, во согласност со директоратот за развој на амфибиски програми на БАЕ. Нивото на заштита на ACV е еднакво или поголемо од оној на MRAP (возило отпорно на мини, заштитено од заседа), што го прави три пати поиздржлив од амфибиското напаѓачко возило. Како што е наведено во побарувањата за информации од 2011 година, се наведува дека возилото треба да може да заштитува од закани како што се директен и индиректен оган, мини и импровизирани експлозивни направи. Овие прототипови беа подложени на ригорозно тестирање пред испораката, проценувајќи ги факторите како што се намалување на ризикот, подвижност на земјиштето, преживување и способности за пливање.

USMC изврши развојно тестирање и оперативна процена на 16-те амфибиски борбени возила во првата половина на 2017 година. Возилата прикажаа супериорна подвижност на копно и во вода за време на тестовите. После повратните информации од страна на Маринскиот корпус, направени се незначителен број промени во дизајнот на системот. Една модификација што ја барал Маринскиот корпус е зголемување на свеста за ситуацијата (situational awareness).

За да го исполни ова барање, „BAE Systems“ го надгради дизајнот со пакет камери од 360 степени. Претходно возилата имаа камери од 180 степени. Компанијата „BAE Systems“ беше претпочитана од страна на USMC во јуни 2018 година пред нејзиниот конкурент „Science Applications International Corporation“ - (SAIC). Компанијата доби договор вреден 198 милиони американски долари за првична испорака на 30 ACV возила во јуни 2018 година. Договорот, исто така, вклучува опции за испорака до 204 возила, со што вкупната вредност на договорот достигна 1,2 милијарди американски долари. Возилата се градат во производствените капацитети на „BAE Systems“ лоцирани низ САД. На 10 декември 2020 година, Маринскиот корпус и „BAE Systems“ објавија почеток на целосно производство, со почетна серија од 36 возила, што се очекува да порасне на 72 на почетокот на 2021 година, со можност за 80 возила годишно потоа. Поддоговорот за далечински управувана вооружена станица е доделен на „Kongsberg Defence Systems“ со „Protector RT20“.

| ОПШТИ СПЕЦИФИКАЦИИ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ВОЗИЛАТА „ACV 1.1“ | |
|---|---|
| ЗЕМЈА НА ПОТЕКЛО | САД |
| КОНФИГУРАЦИЈА | 8x8 |
| МЕСТА ЗА СЕДЕЊЕ | 3+13 |
| ТЕЖИНА | 30,5 тони |
| НОСИВОСТ | 3,3 тони |
| ДОЛЖИНА | 8,9 метри |
| ШИРОЧИНА | 3,1 метри |
| ВИСИНА | 2,8 метри |
| ВООРУЖУВАЊЕ | опционално, CROWS with MG 12,7 mm или ATGM 30/40 mm |
| ПОГОН | шестцилиндричен дизел-мотор |
| АВТОНОМИЈА НА ОПСЕГ | 523 km |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА НА ПАТ | 105 km/h |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА НАКЛОН | од 60% |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА СТРАНИЧЕН НАКЛОН | 30% |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА ВОДЕНА ПРЕПРЕКА | амфибиско |

Возилото „ACV 1.1“ може да се лансира и поврати од морето со помош на брод. Според компанијата „Iveco“, може да работи непречено, дури и во неповолни морски услови и да се транспортира со „C-17“. Возилото има два пропелера и на него може да се интегрираат топови до калибар од 40 мм.



## Дизајн и карактеристики на амфибиското борбено возило „ACV 1.1“

Амфибиското борбено возило „ACV 1.1“ се базира на амфибиска платформа со тркала 8×8, развиена од „Iveco Defence Vehicles“. Оклопниот труп на возилата е развиен со употреба на подни материјали отпорни на мина.

Возилото „ACV 1.1“ може да се лансира и поврати од морето со помош на брод. Може да работи непречено, дури и во неповолни морски услови, да се транспортира со „C-17“, според компанијата „Iveco“. Возилото има два пропелера и на него може да се интегрираат топови до калибар од 40 мм. Возилото е дизајнирано да прими тројца членови на екипажот и 13 војници (dismounted). Тој нуди доволно простор за носење на набавки потребни за екипажот и останатиот персонал да преживеат два последователни денови. Вкупната должина на возилото е 8,9 метри, додека неговата ширина и висина на трупот се 3,1 и 2,8 метри, соодветно. Возилото „ACV 1.1“ има бруто-тежина од 30.617 кг и може да носи максимален товар од 3,302 кг.




## Варијанти

Покрај верзијата ACV 1.1 „BAE Systems“ ја доставија првата варијанта на ACV Command (ACV-C) на USMC за тестирање во февруари 2021 година. Командните возила „ACV-C“ се наменети за поддршка на командата и контролата преку обезбедување на најголеми нивоа на комуникација, координација и анализа на бојното поле. Три репрезентативни командно-контролни возила и платформи за производство ќе бидат земени на тестирање во 2021 година. Други варијанти на Маринскиот корпус се оклопен транспортер ACV (ACV-P) и возило за поправка (ACV-R recovery).

## Вооружување и самозаштита на „ACV 1.1“

Амфибиското борбено возило има повеќе поставувања на оружје за сместување на низа митралези. Се одликува со далечинска управувана вооружена станица, која може да биде вооружена со митралез „M2“ калибар 0,50. На трупот може да се инсталира стабилизирана двојно монтирана купола за лансирање гранати од типот „M2/Марк 19“. Дополнително, Маринскиот корпус одлучи да продолжи со вооружена варијанта која ќе има топ 30 мм. Тековната цел на аквизицијата е да се добијат вкупно 1.122 возила за потребите на една од најелитните единици во целиот свет USMC. „ACV 1.1“ нуди подобрени карактеристики за преживување, како што се труп отпорен на експлозија и заштитени седишта што апсорбираат енергија. Ги штити патниците од експлозии на мини, импровизирани експлозивни направи (ИЕД), боеви глави на кинетичка енергија (КЕ), оган од мало оружје и шрапнели од гранати.

Возилото е опремено со шестцилиндричен дизел-мотор со максимален капацитет за производство на моќност од 690 кс. Интегрира напреден систем H-Drive развиен од „Iveco Defence Vehicles“ и обезбедува влечење потребно за сите тркала при маневрирање на копно и во вода.
Електраната обезбедува максимална брзина поголема од 105 км на час по асфалтирани патишта и максимална амфибиска брзина од 6 kt. Максималниот опсег на патиштата на оклопното возило при патување со брзина од 89км/ч е 523 км. Возилото нуди амфибиски опсег до 12 nmi плус опсег од 402 km на копно. Опремено е со гуми 16R20 и може да совладува градиенти повеќе од 60% и странични наклони над 30%. Радиусот на вртење од тротоарот до работ на борбеното возило е 10,97 m.
Возилото „ACV“ претставува оптимална рамнотежа на морската и копнената подвижност, преживување и иден потенцијал за раст. Платформата „ACV“ беше дизајнирана да се развива и да се приспособува на потребите на мисијата, овозможувајќи простор за нови можности како што се развива технологијата, како што се извидување, електронско војување, противвоздушна одбрана и интеграција на системите UAS.
Со својот модуларен дизајн, „ACV“ е подготвен да им обезбеди на маринците флексибилност за решавање на дополнителни улоги во мисијата и идните технологии.
Оваа платформа 8х8 без компромис е уникатна мешавина од вистинска амфибиска способност на отворен океан, подвижност на земјиштето, преживување, носивост и потенцијал за раст, со цел да се приспособи на развојните оперативни потреби на Маринскиот корпус на САД (USMC).

Идриз Идризоски



Пушкомитралезот „ДП-28“ им служел на Советскиот Сојуз и неговите сојузници од Варшавскиот пакт речиси 40 години како главен пешадиски лесен митралез. Способноста да се претстави добро под екстремни услови и леснотијата на одржувањето му го продолжила неговиот век, па така „ДП-28“ е виден во рацете на талибанските борци во Авганистан, а честопати се гледаше и во рацете на револуционерите и во либиската и во сириската граѓанска војна



# Пушкомитралез „Дегтјаров ДП-28“ - „Грамофон“

Самата надворешна форма и дизајнот, сигурноста во текот на борбата и уникатниот систем на функционирање на рамката за муниција во форма на диск, налик на грамофонска плоча, кој при дејствувањето се врти токму како грамофонска плоча, го направи пушкомитралезот „Дегтјаров ДП-28“ советска икона на Втората светска војна. На нашите простори овој пушкомитралез пристигнал како помош од Црвената армија за потребите на НОВМ во завршните операции за ослободување на Југославија, каде од корисниците бил нарекуван „грамофон“ или „тепсијаш“. На страниците во аналите на советската Голема татковинска војна е запишано оружје кое било создадено од еден од извонредните руски дизајнери на оружје, херој на социјалистичката работа, четири пати добитник на државната Сталинова награда, доктор на технички науки, генерал-мајор на инженериска и техничка служба, Василиј Алексеевич Дегтјаров. Неговото оружје со кое Црвената армија ја поминала целата Втора светска војна, е многу заслужно за нејзината слава. По војната, оружјето нашироко се користело речиси во сите конфликти на планетава, од авганистанските планини преку џунглите на Ел Салвадор, Колумбија, Виетнам, па сè до Либан и Сирија. За време на Првата светска војна, пушкомитралезите станале еден од главните фактори



за зголемување на огнената моќ на пешадијата. Црвената армија, сè до средината на 1920 г. немала такво оружје од домашно производство и дизајн. Нејзиното вооружување се состоело од странски модели на лесни митралези, кои останале од царската војска или добиени како трофеи во текот на граѓанската војна, вклучително францускиот „Шоша“ 8 mm M1915, „Хочкис M1909“, во калибар .303 (7,71 mm) и англискиот „Луис M1915“. Неколкуте застарени и речиси потполно потрошени лесни митралези, па дури и со различни видови на странски куршуми, барале итна замена. Развојот на сопствен модел на лесен митралез во потполно уништената советска Русија, во недостаток на потребна производна база и без значајни дизајнерски резерви, бил многу тежок. Иако тој проблем бил решен уште во 1916 година, кога во Русија започнала изградбата на фабриката за митралези Ковров, наменета за лиценцно производство на данскиот митралез Мадсен во калибар 8 mm. Граѓанската војна и уништувањето на производните капацитети не дозволиле масовно производство на автоматско оружје сè до крајот на 1920 година. По завршувањето на граѓанската војна, познатите руски оружари В. Г. Федоров и неговиот ученик В. А. Дегтјаров почнале да работат на дизајнирање

на нов вид оружје во дизајнерското биро на фабриката за оружје во Ковров. Наскоро, бирото за дизајн на фабриката станало вистинска школа за научен развој и развој на автоматско вооружување, а самата фабрика била еден од центрите за создавање на малокалибарско и воздухопловно оружје. Во Ковров, Федоров и Дегтјаров во практика ја реализирале идејата за обединување на малокалибарското оружје – создавање врз база на основниот дизајн на различни видови оружје со еден принцип на автоматско дејство. Меѓутоа, нивниот прв пристап за решавање на проблемот за развој на цел комплекс на оружје во калибар 6,5 mm врз база на јуришната пушка на Федоров од 1916 година, што вклучувал лесен митралез, лесен воздухопловен и тенковски митралез, бил неуспешен. Врз таквиот тажен исход влијаеле две причини, самиот дизајн и употребата на јапонскиот 6,5 mm куршум. Бидејќи се утврдило дека е невозможно брзо да се создаде сопствен дизајн за лесен митралез, наједноставно решение за надминување на оваа ситуација било да се претвори стандардниот тежок митралез „Максим“ во лесен. На почетокот било јасно дека оваа мерка е само привремена, но во 1923 година создавањето на лесниот митралез им било доверено на И. Н. Колесников и на Ф. В. Токарев. Поради строгите технички и тактички барања, нивните примероци биле слични, но после многуте тестови, предност била дадена на митралезот на Токарев. Црвената армија го усвоила под името: митралез 7,62 mm Максим Токарев (МТ). Овој дизајн од самиот почеток имал бројни недостатоци, но ситуацијата со лесни митралези во Црвената армија побарувала најбрзо воведување на таквиот модел во производство. Затоа во 1926/1927 година биле произведени 2.450 митралези Максим Токарев.
И покрај усвоениот митралез, на трупите им недостасувал митралез со едноставен дизајн, помал и полесен, кој можел да се користи за директна огнена поддршка на пешадијата на бојното поле. Свесни за потребите на војската за такво оружје, многу советски оружари активно почнале да ги дизајнираат. Меѓу нив биле и претставниците од фабриката Ковров: В. А. Дегтјаров и С .Г. Симонов. Дегтјаров во 1926 година го претставил својот модифициран модел за натпреварувачки тестови, кој покажал очигледни општи предности во однос на митралезот Максим Токарев. Прототипот на лесниот митралез Дегтјаров од 1926 година, дизајниран за стандардниот куршум 7,62 mm, бил значително полесен и попрактичен за употреба од митралезот Максим Токарев. Многубројните



фабрички и теренски испитувања ги откриле позитивните страни, но биле воочени и одредени недостатоци. Пушкомитралезот му бил вратен на конструкторот заради доршување и отстранување на недостатоците. Дегтјаров вовел некои подобрувања на својот митралез, па на почетокот на 1927 година, два примерока биле успешно тестирани и биле предложени како примероци за прелиминарните работи за започнување на нивно производство. Во декември 1927 г., по тестирање во сурови услови од -30 степени Целзиусови, бил усвоен од страна на Црвената армија под името: митралез 7,62 mm Дегтјаров, пешадиски, 1928 (ДП-28). Тој бил главно автоматско оружје наменето за уништување со оган на отворени и маскирани групни цели и поважни поединечни живи цели на далечини до 800 mm и уништување на јуришни авиони и падобранци до 500 m. При гаѓање со посебни оклопни куршуми, лесниот митралез бил користен за борба против брзо подвижни лесно оклопни цели на далечини до 300 m. Огнот од лесниот митралез ДП се изведувал, во правило, со кратки рафали (3-6 куршуми). Брзината на огнот изнесувала до 600 куршуми во минута. Борбената брзина на огнот била до 80 куршуми во минута. Масата на лесниот митралез „ДП-28“ изнесувала 8,4 kg, тежината на рамката со муниција во форма на диск, со 47 куршуми изнесувала 2,8 kg. Дострелот на куршумот изнесувал 1.500 метри, а крајниот дострел до 3 километри. Пушкомитралезот „ДП-28“ работел на принципот на позајмица на барутните гасови, што била дизајнерска карактеристика на сите оружја на Дегтјаров. Механизмот за чкрапање бил дизајниран само за континуиран оган. За да почне митралезецот да пука, со раката, стискајќи го вратот на кундакот, истовремено ја ослободувал кочницата, сместена позади чкрапалото, и така оружјето веднаш било подготвено за отворање на автоматски оган. Автоматскиот оган траел сѐ додека чкрапалото е притиснато и сѐ додека имало муниција. Позитивните особини на новото оружје вклучувале едноставност на митралезот, на што влијаел





оригиналниот дизајн на механизмот за забравување и чкрапање. Некои делови на автоматиката кои се движат, комбинирале неколку функции истовремено, вклучувајќи ја и рамката за муниција во форма на диск. Осмислениот распоред на овие делови многу го олеснило одржувањето и работата на митралезот. Регулаторот на гасната комора овозможувал промена на количината на барутните гасови кои влијаат на подвижниот систем на автоматиката, што бил важен фактор за работата на оружјето во неповолни работни услови, како нечистотија или екстремни температури. Успешно гаѓање се изведувало на групни и единечни цели на далечини до 800 метри, а ногарките овозможувале стабилност при гаѓањето, што влијаело на неговата прецизност.

Забележувајќи ги личните заслуги на Дегтјаров и големата важност на лесниот митралез као првородено советско автоматско оружје за јакнење на одбраната на земјата, Ворошилов во еден говор во 1935 година, на војниците од Московскиот гарнизон им рекол дека војската многу му должи на Дегтјаров за неговата улога во создавањето на митралезот. До тој момент лесните митралези на Дегтјаров веќе имале свое место во вооружувањето на Црвената армија. Во предвоените години, Дегтјаров, во блиска соработка со дизајнерите, многу плодно работи на модернизација на ДП и на создавање на потполно нови дизајни на лесни митралези. За сите модели на оружје со конструкција на Дегтјаров, карактеристична е една особина – нивната автоматика работела на принципот на позајмица на барутните гасови. Непосредно пред Големата татковинска војна, советската влада одлучила да започне масовно производство на „ДП-28“ во фабриката во Ковров, за да осигури непрекинато снабдување на Црвената армија со лесни митралези. Од 1940 година „ДП-28“ се произведувал и во фабрика во градот Сталин во Алтајската Република. До почетокот на Втората светска војна фабриките во Ковров и Сталин произвеле повеќе од 200.000 митралези. Од јуни 1941 година нивното производство се одвива со сè побрзо темпо. Поради својата едноставна структура, сигурното работење и прецизноста, „ДП-28“ повеќе од 20 години му служел на советскиот војник, претставувајќи главно автоматско оружје за пешадиски оган во водовите. За само четири години на војната, советските оружари предале на фронтот нешто повеќе од 660.000 лесни митралези, што е значителен придонес за поразот на непријателот. Борбената употреба открила бројни недостатоци во дизајнот и производството. Малиот капацитет на дискот со муниција значително ги ограничувала неговите борбени способности, особено во напад, каде лесните митралези не можеле нималку да го надоместат постојаниот автоматски оган од моќните, но тешки митралези. На главното пешадиско оружје очигледно му било потребно понапреден систем на хранење со муниција. Неговото производство со традиционалните методи на обработка на метал не овозможило значително зголемување на производството, без вклучување на нови фабрики за негово производство. Постоела акутна потреба за премин на производство со напредна технологија. Самиот дизајн на оружјето, исто така, барал ново решение. Дизајнерите под водство на Дегтјаров пристапиле кон решавањето на тие проблеми на неколку начини, со подобрување на постоечките модели на оружје, со создавање на лесни митралези со темелно нови решенија за одделни делови и склопови, како и детаљно проучување на низа проблеми поврзани со премин на конструција со заварување. Во сите варијанти, пушкомитралезот е произведен во околу 800.000 примероци.

Пушкомитралезот „ДП-28“ им служел на Советскиот Сојуз и неговите сојузници од Варшавскиот пакт речиси 40 години како главен пешадиски лесен митралез. Способноста да се претстави добро, под екстремни услови, и леснотијата на одржувањето, му го продолжила неговиот век, па така „ДП-28“ е виден во рацете на талибанските борци во Авганистан, а честопати можел да се види и во рацете на револуционерите и во либиската и во сириската граѓанска војна. Во времето кога тоа било најважно, тој го „отсвирил“ својот победнички марш, а сега претставува пример за оружје кое ја одбележало Втората светска војна и кое придонело за победата на Црвената армија над нацизмот. Секако, овој пушкомитралез е една од иконите на Црвената армија.



Александар Стојчевски



# Експлозија и експлозивни материи

Експлозијата не може да настане сама од себе туку мора да биде предизвикана од некој надворешен импулс кој често се нарекува и иницијален импулс или енергија на активирање. Во однос на видовите на процесот на трансформација на потенцијалната енергија, експлозиите може да бидат: физички, нуклеарни или атомски и хемиски или молекуларни. Кај физичките експлозии доаѓа до моментален премин на материите од една физичка состојба во друга и можат да бидат предизвикани само со импулс од физичка природа. Како примери за такви експлозии може да се наведат: експлозии на парни котли, удари на гром и слично. Нуклеарните или атомски експлозии, претставуваат краткотраен процес на ослободување на огромни количини на потенцијална нуклеарна енергија (во релативно мала маса) и нејзино претворање во друг облик на енергија како што се: енергија на ударен бран, топлотна и радиоактивна енергија. Вакви експлозии настануваат низ процес на фузија, што во основа претставува реакција на неклеарно-топлотна синтеза при спојување на два тешки атоми на водород (деутериум и трициум), со создавање на атоми на хелиум или низ процес на фисија со реакција на разбивање на јадрото на ураниум или плутониум. Нуклеарните еклпозии според количината на ослободената енергија и разорното дејство на околниот амбиент ги надминуваат сите видови експлозии. Поради своето значење во денешно време, нуклеарните еклпозии се предмет на интензивни научни истражувања и во смисла на создавање и усовршување на нуклеарно оружје и во смисла на заштита од истото. Хемиската или молекуларна експлозија настанува како последица на хемиски реакции, при што потенцијалната хемиска енергија на материјата нагло се претвора во топлотна енергија со ослободување на гасови како продукти на реакцијата. Вака ослободената топлотна енергија понатаму се трансформира во кинетичка енергија на гасовите кои се способни да извршат механички дејства за многу кратко време. Користењето на хемиските експлозии е многу употребувано во рударството,

> Експлозијата е процес при кој доаѓа до брза трансформација на потенцијалната енергија во кинетичка или одреден друг вид енергија. Таа појава е поврзана со моменталната промена на состојбата и секогаш е проследена со брз пораст на притисокот во средината каде што е извршена трансформацијата, со создавање на ударни бранови и продуцирање на механички ефекти со експанзијата на гасовите, независно од тоа дали гасовите постоеле или се создале за време на експлозијата

градежништвото, индустријата, а посебно во техниката и вооружувањето. Екплозивните процеси кои се проследени со хемиска преобразба е можно да се предизвикаат само кај посебни материи (хемиски соединенија или смеси), кои со заедничко име се нарекуваат „експлозиви“, односно „експлозивни материи“. Во природата нема чисти експлозиви, туку во неа се наоѓаат суровини од кои со посебни технологии експлозивите се произведуваат во посебни индустриски капацитети, па во согласност со тоа, експлозиви се само оние технички производи (хемиски соединенија или смеси) кои имаат својство под надворешен импулс брзо хемиски да се разложат и притоа да ослободат топлина и гасови. Експлозивните материи можат да бидат во цврста, течна или гасовита состојба. Најширока примена имаат цврстите еплозивни материи. Гасовитите експлозивни материи помалку се применуваат, но во практика често можат да се сретнат. Гасните смеси имаат важна улога во моторите за внатрешно согорување. За да дојде до хемиска експлозија, потребно е истовремено да бидат исполнети следните услови: процесот на хемиски промени треба да се одвива со сразмерно голема брзина, процесот мора да биде проследен со ослободување на топлотна енергија и производите на хемиските промени треба да бидат во најголем дел гасови. Обично согорувањето на запаливите материи (бензин, јаглен, дрва и сл.) е хемиски процес кој се одвива релативно бавно. Проследен е со ослободување на топлина и гасови, но нема експлозивен карактер. Исто така, и обичното согорување на некои експлозивни материи во одредени услови не добива карактер на експлозија. Класичен пример за тоа е ако земеме еден kg TNT (тринитротолуол) и ако на отворен простор го запалиме со кибрит или запалка тој ќе согорува во текот на неколку минути. Меѓутоа, ако земеме иста количина TNT и го иницираме со детонаторска каписла, ќе настане експлозивен процес на хемиско разлагање (експлозија) која трае и се одвива во дел од секундата. Од овие едноставни примери може да се констатира дека експлозијата не ја карактеризира количината на ослободената топлотна енергија туку брзината со која таа енергија се ослободува. Затоа, наместо да се зборува за енергија, најправилно би било да се зборува за јачина на експлозијата, односно за количината на ослободената енергија во единица време. Во текот на експозијата, благодарение на големата брзина, практично нема загуби на енергија ниту трошење на гасовите во текот на реакцијата. Може да се смета дека на крајот на реакцијата гасовитите продукти ја заземаат првобитната зафатнина и дека во таа зафатнина е концетрирана целокупната ослободена енергија. На тој начин се постигнува таква концентрација на енергија каква што е невозможно да се постигне во услови на обични хемиски реакции. Во табеларниот приказ се дадени зафатнини на концентрација на енергиите при експлозии на одредени експлозиви и запаливи смеси. на експлозиите низ експлозивните материи кои се применети во техниката и индустријата се движат во границите од 1000 до 9000 метри во секунда. Оваа брзина се нарекува брзина на детонација и претставува една од основните карактеристики која ја одредува поблиската намена на експлозивот во склоп на муницијата или на некое друго убојно средство. Во табеларниот приказ се дадени и брзини на детонација за одредени експлозиви кои најчесто се применуваат во воената техника и индустрија. Процесите

| Назив на експлозивот | Зафатнина на гасовитите продукти во литри | |
|---|---|---|
| | $\frac{\ell\ (\text{гас})}{\text{kg (експлозив)}}$ | $\frac{\ell\ (\text{гас})}{\ell\ (\text{експлозив})}$ |
| Црн барут | 280 | 336 |
| Нитроцелулоза (13,3 % N) | 765 | 995 |
| Нитроглицерин | 690 | 1105 |
| Пикринска киселина | 715 | 1145 |
| TNT | 740 | 1180 |
| Хексоген | 910 | 1547 |
| Пентрит | 768 | 1228 |
| Тетрил | 750 | 1200 |
| Живин фулминат | 316 | 553 |
| Оловен азид | 308 | 492 |



Благодарение на големите концентрации на енергија, експлозивните материи располагаат со голема сила, односно тие се способни да извршат огромно дејство во краток временски интервал. За брзината на процесот на експлозивно разложување (експлозија) може да се зборува на основа на средната брзина на простирање на хемиската реакција низ масата на експлозивната материја. Максималните брзини на простирање на експлозивното разложување, во зависност од природата на експлозивните материи, условите на иницирање и останати бројни фактори, може да се одвиваат со различни брзини и во суштина значително да се разликуваат по механизмот на своето простирање. Брзината на експлозивното разложување во најголема мера претставува основа за поделба на тие процеси.

Според брзината на експлозивното разложување се разликуваат три основни облици на експлозивни процеси: согорување, експлозија и детонација.
Согорувањето е процес на разложување на експлозивните материи кое зависи од надворешните услови и во зависност од притисокот во околината се одвива со променлива брзина. Кога согорувањето се одвива на слободен простор, брзината на експлозивниот процес достигнува вредност од неколку mm/s, нема појава на карактеристичниот звук ниту се вршат или се случуваат механички дејства. При согорување во ограничена зафатнина, на пример во барутната комора на орудието, процесот се одвива многу поенергично. Брзо расте притисокот на гасовитите продукти, а расте и брзината на согорување која може да достигне вредност од неколку десетици метри во секунда. Оваа појава е проследена со јаки звучни ефекти. Согорувањето е основен облик на експлозивното разложување на барутите кои се користат во техниката на вооружувањето. Други облици на разложување на барутите или немаат примена во техниката или нивната примена е многу ограничена.
Експлозија е процес каде што брзината на експлозивното разложување достигнува вредност од неколку стотини до неколку илјади метри во секунда и во значително помала мерка зависи од надворешните фактори. Карактеристични одлики на експлозијата, покрај малата зависност од надворешните фактори се: брзиот раст на притисокот на местото на експлозија и променлива брзина на распространување на процесот. Дејството на експлозијата е со ненадеен удар кој предизвикува силна деформација и разорување на предметите околу местото на експлозијата. Резултатите од теоретските и експериментални испитувања покажуваат дека помеѓу согорувањето и експлозијата постои строго одредена граница. Брзината на согорувањето е секогаш помала, а брзината на експлозијата е секогаш поголема од брзината на звукот во сè уште неактивната маса на експлозивната материја. Експлозијата се разликува од согорувањето и по механизмот на своето простирање, затоа што согорувањето се пренесува низ експлозивната материја по пат на предавање на топлина, а експлозијата по пат на набивање на материјата под дејство на ударниот бран. Процесот на согорување под одредени критични услови може да премине во експлозија. Експлозијата претставува нестабилен процес, кој во текот на своето распространување преминува или во детонација или се гасне.
Детонацијата по својата природа не се разликува од експлозијата туку претставува нејзина стационарна и гранична форма. Брзината на детонацијата има константна вредност, максимална можна вредност за дадената експлозивна материја и дадените услови, и истата е значително повисока од брзината на звукот во таа експлозивна материја. Брзината на детонацијата како гранична вредност претставува една од најважните карактеристики на експлозивните материи, затоа што само во услови на детонација може да се постигне максимално можно разорно дејство. Овој параметар може прецизно да се одреди и за тоа постојат разни методи, сметачки или експериментални. Една од наједноставните експериментални методи е одредување на брзината на детонација спрема Дотриш. Според оваа метода, експлозивната материја чијашто брзина на детонација ја испитуваме, се става во цевка со димензии кои соодветствуваат како на сликата во прилог.




*1 - облога; 2 - бризантен експлозив за кој се испитува брзината на детонација; 3 - детонаторска каписла; 4 -детонирачки штапин; 5 - челична плоча; 6 - оловна плоча; 7- средина на детонирачкиот штапин; 8 - место каде се среќаваат детонациските бранови*



Структурата на експлозивната материја во цевката мора да биде хомогена, а густината на пресување позната. На цевката постојат два отвори низ кои на растојание „L“ се втиснуваат краевите на детонирачки штапин, чија брзина на детонација е позната. Средината на штапинот е видно обележана и ставена на оловна плоча. Ако експлозивното полнење во цевката го иницираме со детонаторска каписла, детонациskiot бран ќе се движи низ експлозивот и долж своето движење ќе ги зафати и краевите на детонирачкиот штапин. На местото каде во штапинот ќе се сретнат, односно ќе се судрат детонациските бранови кои доаѓаат од спротивни страни на оловната плоча, ќе се создаде вдлабнатина.
Од положбата на таа вдлабнатина во однос на средината на штапинот, познатата должина на експозивот во цевката кој се испитува и познатата брзина на детонација на детонирачкиот штапин, може да се пресмета брзината на детонација на експлозивот кој се испитува според следната формула:

$$D = \frac{D1 \times L}{2a} \text{ m/s}$$

Славчо Кузманоски





# Северната дистрибуциска мрежа и Руската рута-Столб на снабдувањето на ИСАФ

Односите помеѓу НАТО и Русија во изминатите години и во моментот, се ограничени од интервенцијата на Русија во Украина и анектирањето на Крим во 2014 година и не постојат изгледи дека нешто ќе се промени во блиска иднина. Што се однесува до случувањата во Централна Азија и статусот на авганистанското прашање во моментот, се забележува дека полека, но сигурно, силите на САД и НАТО се повлекуваат од авганистанското тло, давајќи им сѐ поголема слобода, повеќе ингеренции во потполното управување со државата, на авганистанските власти и безбедносни сили

Кога станува збор за односите на НАТО и Русија и САД и Русија пред 2014 година и нивната соработка со значење од светски размери, а во контекстот на решавањето на авганистанското прашање преку тогашната мисија ИСАФ, не може а да не се спомене развојот и употребата на „Руската рута" во состав на Северната дистрибуциска мрежа. Идејата за создавање на Северната дистрибуциска мрежа датира од 2004 и 2005 година кога Агенцијата за одбранбена логистика на САД воспостави рута за снабдување која почнуваше од Германија и се протегаше низ Австрија, Унгарија, Бугарија, Азербејџан, Туркменистан и Узбекистан, за да заврши на воениот аеродром Баграм во Авганистан. Оваа рута имаше за цел да го олесни транспортот кој веќе се одвиваше преку Пакистанскиот копнен логистички канал, како главен логистички коридор за потребите на ИСАФ. Иако оваа рута на почетокот даде позитивни резултати, сепак, набргу престана да се користи, поради ограничувањата за транспорт на невоени и стоки и материјалибезопасни по живот, но исто така и затварањето на Карши Канабад аеродромот во Узбекистан кој беше користен од страна на силите на САД, го зададе одлучувачкиот завршен удар за прекин на снабдувањата преку оваа рута. Во исто време, распоредувањето на трупи и на САД, и на НАТО во Авганистан не престана, а бројот на персонал на терен константно беше во пораст, што го наложуваше императивот за пронаоѓање на нов начин за нивно снабдување. Зголемувањето на бројот на персоналот во Авганистан, отвори нова перспектива на стариот логистички предизвик, имено, Алан Хагерти, тогашен заменик потпретседател за одбрана на САД, беше еден од првите кои посочи на оваа перспектива. Неговата теза се состоеше во фактот дека дури 70 проценти од товарот што се пренесува за потребите на трупите

на САД во Авганистан, отпаѓа само на нафта и гориво, но исто така дека дури половина од жртвите на американскиот персонал се случуваат за време на напади на конвои кои ги пренесуваат снабдувањата. Одредена студија во 2009 година покажа дека просечната потрошувачка на гориво изнесува близу 85 литри дневно, за еден распореден американски војник во Авганистан. Друга анализа посочува на фактот дека цената за пренос на само еден литар на гориво до крајниот корисник изнесува околу 100 американски долари, земено предвид дека транспортот се одвива непречено. Доколку горивото се пренесува до бази кои се позиционирани на поизолирани места во Авганистан, тогаш горивото би достигнало цена по 200 американски долари по галон. Во 2009 година една од анализите забележа дека поради честите напади на логистичката рута која доаѓаше од Пакистан, горивото по литар достигна цена од дури 250 долари, додека да стигне до крајниот потрошувач. Токму во овие високи трошоци на горивото за потребите на американските и коалициски мисии во Авганистан, Вашингтон беше предизвикан да пронајде поповолно решение за снабдување пред сè на своите трупи, а потоа и да овозможи снабдување на коалициските сили. Доволно парадоксално, Русија исто така го пронаајде своето место за помош и профит преку логистичката гранка која ќе транзитира низ нејзината територија. Неколку години подоцна, беше предложена нова логистичка мрежа, која ќе овозможи посигурно и непречено снабдување за потребите на ИСАФ. Северната дистрибуциска мрежа се состоеше од два главни коридори – Северната линија на комуникација и Централна линија на комуникација. Северната линија на комуникација, инаку позната како „Руската рута“ започнуваше од северна Германија, летонскитепристаништа во Рига, Талин (Естонија) и Клаипеда (Литванија) и овозможуваше движење на товарот на југ преку Русија, Казахстан и Узбекистан пред да стигне до Авганистан. Во рамките на Централна Азија, дополнителна опција за преземање на набавки преку Узбекистан е поттик за Казахстан, Киргистан и Таџикистан (ККТ). Централната линија на комуникација или јужната, „Мерсин рута“, започнуваше од турското пристаниште Мерсин и грузиското пристаниште Поти, од каде се приклучуваше на јужниот кавкаски пат, додека ги снабдува транзитните Азербејџан, Каспиското Море, Казахстан и Узбекистан.



Руската рута особено, беше тестирана во текот на 2008 година и беше заклучено дека претставува оптималното решение за логистичкиот проблем со кој се соочуваа силите на ИСАФ во овој момент. Како последица на ова, на иницијатива на САД, беа задвижени дипломатските механизми на Вашингтон со централноазиските земји и Русија, со тоа што беа направени билатерални договори со нив за отпочнување на активно користење на оваа нова снабдувачка комуникација во понатамошниот период. Генерално овие договори се темелеа на обврската на САД за купување на невоени стоки од земјите-потписнички, кои би биле транспортирани до распоредените трупи во Авганистан, на што сите држави на Централна Азија се согласија во текот на 2009 година. Така Северната дистрибуциска мрежа, составена од неколку железнички линии и други копнени комуникации кои делумно веќе беа во состав на PAKGLOC, со својата должина од над 5000 километри, започнадаработивофевруари 2009 година, ја преземаа одговорноста за справување со транспортот на дополнителните стоки и останатиот товар кој не можеше да се пренесува преку Пакистан. Иако првичните договори предвидуваа транспорт на невоени материјали и стоки, сепак, фактичката состојба на инвентарот што се транспортираше долж Руската рута не соодветствуваше во целост. Имено, врз основа на претходно склучените билатерални договори со Русија, на Франција и Германија им беше дозволено да превезуваат воени стоки и материјали низ територијата на Русија, за нивните потреби во Авганистан. Земајќи го ова предвид, очигледен и очекуван беше следниот чекор во дипломатските преговори во врска со статусот и природата на превезуваните стоки од страна на САД, па така, набрзо, и САД доби зелено светло од Русија за пренесување на вооружување, муниција и останати воени стоки, кои иницијално не беа опфатени со договорот. Ова ажурирање на договорот за превезуваните стоки долж Руската рута, на еден начин ги ставаше пред завршен чин, останатите земји низ кои транзитираше товарот за потребите на ISAFи Endurng Freedom. Сепак, имајќи ја предвид добивката од прифаќањето на новите одредби









за транспорт за централноазиските земји, но и големината на влогот и гломазноста на целиот проект наречен „Северна дистрибуциска мрежа“, многу брзо се доби позитивен одговор од сите централноазиски престолнини. За значајниот придонес на оваа рутаво буџетите на централноазиските земји и на Русија, говореше фактот од 2010 година, кога тогашниот командант на американската ЦЕНТКОМ команда, генералот Дејвид Петреус изјави дека само Казахстан го има збогатено буџетот за повеќе од 62 милиони американски долари и тоа само за продажба на градежни материјали и флаширана вода за потребите на распоредените трупи во Авганистан.Овој профит забележан од функционирањето на Северната дистрибуциска мрежа, индиректно овозможи Казахстан да се насочи кон одржување на својот примат на држава-лидер во регионот и да инвестира дури 50 милиони американски долари во стипендии за едукација и усовршување на илјада студенти од Авганистан, во најпрестижните универзитети во Казахстан.

Значењето на Руската рута како гранка на Северната дистрибуциска мрежа изразена во бројки би изгледало вака: во должина од близу 5000 километри, поминувајќи низ осум држави, Руската рута овозможи транспорт на стоки и снабдувања за трупите во Авганистан во текот на осум години. Она што дополнително укажува на успешноста и важноста на Северната дистрибуциска мрежа е фактот дека во 2009 и 2010 година, кога порастот само на американски трупи бележеше 21,000 и 30,000 соодветно, низ Северната дистрибуциска мрежа пристигнуваа дури 40% од целокупните снабдувања за потребите на ISAF. Набргу потоа, веќе до март 2011 година преку Руската рута се транспортирани близу 27 000 контејнери, доведувајќи до фактот дека 50% од снабдувањата за одржување на трупите на САД во Авганистан поминува низ Северната дистрибутивна мрежа и 60% од набавката што ја транзитира таа мрежа поминува низ Русија. Како што минуваше времето, така Северната дистрибуциска мрежа разви нова димензија, односно отпочна со воздушен транспорт на стоки. Така до пролетта 2011 година, Москва одобри дозвола за повеќе од 1.000 летала што превезуваа над 170.000 воени лица на пат кон Авганистан. Како што беа очекувањата и веќе научените лекции од копнениот транспорт, така и воздушните линии на транспорт, отпочнуваа преку иницијалните договори за пренос на несмртоносни материјали и стоки, за подоцна да се развијат и да се дозволи пренос на персонал и вооружување низ воздушните простори на земјите низ кои транзитираше Северната дистрибуциска мрежа, Руската рута и воздушните линии кои станаа составен дел од оваа снабдувачка мрежа.

Благодарение на напорите што се направија за трасирање, тестирање и пуштање во функција на Руската рута од Северната дистрибуциска мрежа, не само што успеаја да се заштедат милиони во буџетите на САД и НАТО, туку и да се развие профитот и патната инфраструктура на централноазискиот регион, а за цело време да трупите ангажирани во ISAF и Enduring Freedom, да бидат снабдени и материјално пополенти. Не може да се испушти и дека добрата волја на Русија за учеството во оваа снабдувачки механизам имаше огромен удел, што само дополнително укажуваше за функционалноста на дипломатските механизми на НАТО и САД насочени кон изнаоѓање на прагматични решенија во насока на успешното завршување на мисиите во Авганистан. Сето она што се изгради и материјално, и дипломатски, околу идејата за Северната дистрибуциска мрежа и нејзината Руска рута, може да се каже дека беше само зачеток, на многу поголема идеја за транспорт, снабдување, пазар и размена во Централна Азија што ги оправдуваше амбициите на Вашингтон за нејзино конечно заживување.

м-р Бојан Миклош




# Миле Ристовски

## Анонимниот фотограф

Целиот процес на воено фотографирање, сам по себе претставувал мошне сложена операција која била поделена во две фази. Најнапред, во внимателно одбран доверлив тим, составен од воени стратези, пилот и извидувач-фотограф, на соодветни воздухопловни мапи (карти), прецизно се означувала целта на фотографирањето. Потоа, одделно, пилотот и извидувачот до детаљ го планирале времето на полетување, насоката, правецот и височината од која ќе се надлета и од која ќе се направат фотографиите.
Велат дека една фотографија може да замени илјада зборови. Веројатно поради тоа фотографирањето и фотографиите, со текот на времето, станале дел од секојдневието во сите сфери на денешното живеење. Преку неа или на неа може да се видат сакани и барани личности, може да се препознае и нивната емотивна и социјална состојба, може да се видат и доживеат подрачја и објекти, метеоролошки услови околу нив и ред други работи. Но, некогашните фотографии, гледано од денешна перспектива, претставуваат вистински раритет и сериозни историски сведоштва за настани или личности. Во таа насока, сите жители на овие и пошироките балкански простори се сеќаваат на битолските браќа Манаки, но ретки се оние кои се сеќаваат или виделе лична фотографија на



Миле Ристовски. На него се сеќаваат само многуте генерации македонски воздухопловци кои ги усвојуваа небеските тајни и воздухопловни вештини во многубројните аероклупски активности. Неговите спознанија за фотографските вештини започнале со неговото отслужување на воениот рок, кон средината на триесеттите години од минатиот век. Бил распореден како извидувач во 3. воздухопловен воен полк во Скопје, за подоцна да биде оспособен и како воздухопловен фотограф-извидувач. Тоа се потврдува и во Годишникот на југословенското воздухопловство, публикација издадена во 1937 година. Кусо време од својата воена кариера, со истата задача, поминал на служба и на воениот аеродром во Београд. Заслужено ги нижел подофицерсикте чинови, а според постоечката документација, видлив е неговиот напредок до чин постар водник од прва класа, воен извидувач.
Миле малку говореше за годините минати во Кралското воено воздухопловство и за неговите доживувања и искуства. Беше

„сериозно шеговит“ човек со ведар лик, кој вешто ги избегнуваше темите за кои не сакаше да зборува. Но, сепак, гледајќи ги современите авиони и општиот развој на воздухопловството, раскажуваше за некои свои покарактеристични „приказни“. Тој велеше: Тешко беше да се седи удобно и да се направи соодветна фотографија од тогашните авиони. Мораше секогаш да се има постојана концентрација и смиреност за, само во еден момент, да се направи снимка од која ќе се добие јасно видлива фотографија на објект или област која е предмет на интерес. Притоа, голема улога имале и фотоапаратите, кои во тој период биле мошне гломазни и чувствителни на потреси и удари.







Целиот процес на воено фотографирање, сам по себе претставувал мошне сложена операција, која била поделена во две фази. Најнапред, во внимателно одбран доверлив тим, составен од воени стратези, пилот и извидувач-фотограф, на соодветни воздухопловни мапи (карти), прецизно се означувала целта на фотографирањето. Потоа, одделно, пилотот и извидувачот до детаљ го планирале времето на полетување, насоката, правецот и височината од која ќе се надлета и од која ќе се направат фотографиите. После завршување на вака подготвеното фотографирање, следела и втората фаза. Ристовски се повлекувал сам во својата темна фотографска лабораторија каде требало да го „развие“ фото-филмот, да го измие, да го исуши и дури потоа да започне со изработката на фотографиите. Процесот трел долго време. И, додека останатите учесници во оваа активност мирно спиеле или се одмарале, тој продолжувал со реализацијата на својата задача. Притоа, понекогаш, и времетраењето на процесот имало пресудна улога, а единствената фаза при која тој можел „да добие во време“, била фазата на миење и сушење на фото-филмот. Затоа, Миле смислил, по развивањето и миењето на фото-филмот, истиот да го избрише со чист алкохол, популарно познат како шпиритус. Но, токму поради шишето полно со шпиритус, Миле можел да настрада. Имено, војниците дознале за чуваното шише полно со чист алкохол, па во некоја пригодна прослава истото го „позајмиле“ и разредувајќи го со поголемо количество вода добиле релаксирачки жесток алкохолен пијалок. За несреќа, токму во тој период, Миле трбало да изработи „брзи“ фотографии, но овојпат сфатил дека тоа треба да го направи без ниту малку шпиритус. Користејќи гралки, проветрувања и низа други досетки, не го добил очекуваниот резултат. Осознавајќи ја вистината, а во обид да ја сокрие вистината и вината на војниците, пред препоставените измислил низа нови „приказни“ поради кои добил соодветна опомена.

Набргу после завршување на Втората светска војна, Миле Ристовски се демобилизирал од воената служба и заминал во заслужена професионална пензија. Со текот на времето како да ги заборавил вознемирувачките слики и фотографии на разрушени објекти или објекти кои треба да бидат бомбардирани или урнати, на расфрлените човечки и животински трупови, погреби, фотографии од војници на бојно поле што слават победа, па сè до емотивни фотографии на офицери, војници и обични луѓе на кои се гледа нивното страдање.

Но, Миле Ристовски никогаш не го заборави воздухопловството и љубовта кон него. Од моментот на неговото пензионирање, па сè до неговата старост, тој постојано беше присутен на сите воздухопловни активности, посебно на оние кои се одвиваа во рамките на македонските аероклубови. Речиси и да нема ниту еден македонски воздухопловен моделар или едриличар, ниту еден пилот на едрилица или авион, ниту еден падобранец или воздухопловен активист, во периодот на педдесеттите години, па сè до деведесеттите години на минатиот век, кој нема барем една фотографија направена преку објективите на фотоапаратите на Миле Ристовски. Ги фотографираше сите основни и напредни обуки во македонските воздухопловни активност, сите спортски и воени воздухопловни активности, а беше и неизоставен дел од аеромитинзите и воените вежби.

Во услови на низок технолошки развој и општа сиромаштија, Миле Ристовски, фотограф, создаваше лична фотодокументација кај сите македонски воздухопловни кадри, во сите македонски аероклубови, во некогашниот Воздухопловен сојуз на Македонија, како и во Републичкиот штаб за територијална одбрана на Република Македонија. Голем дел од неговите фотографии останаа скриени длабоко во депоата на воените служби, архиви и музеи. Секаде можеа, и сè уште можат, да се пронајдат неговите раскажани воздухопловни приказни низ призмата на фотографскиот објектив, при погледот на неговите фотографии. А, за сите нив, чичко Миле, во својот дом имаше создадено лична фотоархива која никој не ја преземе од него.

Миле Ристовски не беше воопшто анонимен. Беше познат како Миле Фото, кој беше хроничар, фотограф и фотоархивар. Остави историски фототраги за стотици македонски воздухопловци и настани, но не остави јавни фотографии за себе, за него лично, како дел од создавањето на македонското воздухопловство. Ова е прв пат, публицистички, јавно, да се појави некоја негова фотографија на која ќе се потсетат сите фотографирани воздухопловци.

Ѓорги Чачкиров



# 20 години од дипломирањето на питомците од VII класа

Наставниот час по повод јубилејот 20 години од дипломирањето на VII класа се одржа на 4 јуни 2021 г. на пистата во касарната „Гоце Делчев“. Најпрвин, преку прозивање на присутните, се обрати поранешниот командир на чета, м-р Љупчо Кацарски. Командирот, м-р Љупчо Кацарски, беше пријатно изненаден од присуството на голем број од некогашните питомци на оваа класа. Воедно, тој истакна дека навистина е горд на оваа класа која својот пробив не го направила само во рамките на државните институции, туку и во странски држави. На јубилејот по повод 20 години од дипломирањето на VII класа питомци се обрати и поранешниот декан на Воената академија, полковник д-р Стојче Десковски, редовен професор, кој истакна дека првите генерации на питомци кои се школуваа на ВА, сега, поголемиот дел од нив ја преставуваат движечката сила на Армијата и на Министерството за одбрана. Исто така, д-р Стојче Десковски истакна

Питомците од VII класа претставуваат трета редовна класа која се школувала на Воената академија од нејзиното формирање во далечната 1995 година. На конкурсот за запишување на питомци на Воената академија во учебната 1997/98 година, од пријавени над 450 кандидати, извршен е избор на 91 кандидат, од кои после четиригодишно школување дипломирале 88 питомци и биле промовирани во почетниот офицерски чин, потпоручник. Во текот на школувањето еден питомец, за жал, прерано ги напуштил, колегата Јорданчо Зафиров, кој засекогаш ќе остане да живее во спомените на припадниците на оваа класа питомци.

дека светот кој брзо се менува поради процесите на глобализацијата и брзиот технолошки развој, за малите држави секогаш преставува испит дали ќе успеат да го зачуваат својот идентитет и посебност. Така што, несомнено, истакна дека верува во оваа генерација офицери, како и во генерациите кои следат, дека ќе останат достојни на свечената заклетва која ја дале кога станале питомци на Воената академија.
На крајот на свеченоста по повод јубилејот 20 години од дипломирање на Воената академија, се обрати и актуелниот декан, д-р Орце Поповски, полковник, редовен професор кој истакна дека навистина е горд што некогашните питомци од VII класа сега се високи офицери кои извршуваат одговорни должности во Армијата, во другите министерства и компании и во странски држави. Воедно, деканот д-р Орце Поповски, беше мошне пријатно изненаден што поголем дел од припадниците на VII класа питомци

завршиле високи воени школувања, односно командно-штабни академии, магистратури и докторати, што според него претставува уште еден силен показател дека, покрај успесите во кариерата и усовршувањето на образовната компонента, ова преставува и силна страна на оваа класа некогашни питомци.
После изминати 20 години од дипломирањето на 88 потпоручници, 48 офицери останале да работат во Министерството за одбрана и во Армијата. Овие 48 офицери имаат чин мајор или потполковник и тие извршуваат високи командни и штабни должности во Армијата и во Министерството за одбрана.
Од дипломираните 12 потпоручници од родот артилерија, во Армијата и во Министерството за одбрана останале да работат 6 (шест) офицери кои ги извршуваат следниве командни и штабни должности: началник на Г-1 во Командата за обука и доктрини, началник на С-2 во Артилерискиот баталјон, командант на Баталјонот за специјални намени, извршен офицер во Кабинетот на ДГШ, началник на одделение и извршен офицер во Секторот за безбедност при Министерството за одбрана. Од родот артилерија, 5 (пет) лица заминале од Армијата и Министерството за одбрана и работат во Министерството за внатрешни работи, а 1 (едно) лице работи во Американската амбасада во Скопје. Од вработените 6 (шест) офицери од родот артилерија, 4 (четири) имаат Командно-штабна академија (КША) и 4 (четири) лица имаат завршено магистратура. Од дипломираните 8 потпоручници од родот АРЕ ПВО, во Армијата и Министерството за одбрана (МО) останале 4 (четворица) офицери кои ги извршуваат следниве должности во Армијата и МО: наставник во ВА, началник на А-2 во ВИНГ, началник на одделение во Ј-1 на ГШ и Ј-2 во Командата за операции. Три лица од овој род работат во Министерството за внатрешни работи, и тоа во СВР Куманово, Охрид и Штип, а едно лице води приватна компанија.
Од 4 (четворицата) офицери кои работат во Армијата и МО, едно лице има завршено КША и докторат на науки, едно лице има завршено магистратура и две лица завршиле КША.
Од дипломираните 12 потпоручници од родот ОМЕ, во Армијата и во МО останале 5 (петорица) офицери кои ги извршуваат следниве должности: офицер за ОМЕ во Ј-5, началник на одделение во Ј-2, командир на чета и началник на одделение во МО. Едно лице во моментов е во служба на Владата на РСМ. Останатите 6 (шест) лица работат во Министерството за внатрешни работи: 3 лица во МВР, 2 лица во Гранична полиција и едно лице во Единицата за брзо распоредување при МВР. Притоа, две лица имаат завршено КША, едно лице има магистратура и две лица имаат завршено докторат на науки.
Од вкупно 14 потпоручници на родот врски, 6 лица работат во Армијата и во МО, од кои само 3 лица работат во родот врски. Тие ги извршуваат следниве должности: началници на секции, началник на одделение и извршни офицери во командите и единиците на Армијата. Состојбата со останатите 8 (осум) лица од родот врски е следна: едно лице работи во ДБКИ, едно лице во ЦУК. Во Канада работи едно лице, а две лица во азиските држави. Овој род се гордее што има припадник кој е потпреседател на македонскиот полициски синдикат и едно лице кое е косопственик и директор на приватна телеком компанија во странство ALTERCO. Од вкупно 5 потпоручници на родот АБХО, 4 лица работат во Армијата и во МО, од кои 2 лица работат во родот АБХО: офицер за АБХО во Ј-5 на ГШ и офицер за АБХО во КОД. Останатите 2 лица се: наставник во Воената академија и офицер за контраразузнавање во Армијата. Едно лице од овој род работи во странство како специјализиран офицер за АБХО во Интерпол и претставува гордост на овој род. Од родот АБХО, две лица се доктори на науки и две лица имаат завршено КША.
Од вкупно 37 потпоручници на родот ПЕШАДИЈА, само 11 лица работат во командите и единиците на Армијата. Над 15 лица ја напуштиле Армијата и МО и сега успешно работат во други државни институции: МВР, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување или работат во развиените европски држави. Лицата кои останале да работат во рамките на родот, ги извршуваат следниве должности: командир на Гардиска чета, извршни офицери во команди и единици, заменик-командант и наставник по летање, офицер за ВНЈ во ВИНГ, началници на одделенија, командант на Воена полиција и началник на Одделението за протокол во Кабинетот на НГШ.
На крајот, да резимираме: од вкупно 88 дипломирани потпоручници, 4 лица се доктори на науки, 12 лица се магистри и 15 лица завршиле КША во земјава или во странство. Исто така, едно лице, коешто е вработено во МВР, е доктор на науки и наставник. Оваа класа се гордее што има свои колеги вработени во: МВР, директор на ДЗС и вработени во ЦУК, во Владата на РСМ, директори и вработени во државни и приватни компании во странски земји, со што уште повеќе се истакнува квалитетот и капацитетите на сеопфатниот напредок на VII класа питомци.




Питомците од VII класа, после завршувањето на втора година, биле распоредени во 6 (шест) родови: пешадија 37, врски 14, артилерија 12, ОМЕ 12, АРЕ ПВО 8 и АБХО 5 питомци

д-р Андреј Илиев

Како се развива комуникацијата преку современите медиуми, така се создаваат нови поими, нови практики, кои сè повеќе ги користат лицата кои се занимаваат со комуникации и со маркетинг, лицата задолжени за односи со јавноста.... Еден од тие нови изрази е „follow up“, што во суштина е продолжување на веќе воспоставената комуникација меѓу поединци, институции, компании...




# „Follow up“
## Чест израз во комуникацијата

Follow up“ е англиски израз, што значи продолжување на контакт. Во последно време „follow-up“ најчесто се поистоветува со следење. „Follow-up“ исто така, се употребува за некоја активност, работа, посветеност. „Follow-up“ е писмо, извештај, надзор, така што, според тоа, означува писмо за барање, благодарност, прецизирање на извештајот, следење на процесот, продолжување на акција. Едноставно кажано, изразот е акција или работа која служи за зголемување на ефикасноста на претходната работа, или појасно, второ последователно писмо, известување на претходното. Споредбено кажано, на пример во новинарството, се работи за вест, или сторија со која се дообјаснува, се даваат дополнителни информации со написи кои биле претходно објавени. Известувач за вести може да пренесе приказна којашто дава дополнителни информации или известува за заклучокот на претходниот извештај. Второто парче ќе биде продолжение на првото. Или, пак, кога станува збор за туристички локалитет, тоа е продолжување на приказната за значењето и убавините што треба да се видат. Дали тоа ќе биде преку текстуална порака или преку видеопорака, (преку традиционални медиуми, новите социјални медиуми), изборот останува на комуникаторот, како тој ќе одлучи да продолжи со дејствијата по првичната информација.

Според Шундалин Ален, секогаш има простор за следење, односно собирање на дополнителни информации или зајакнување, односно оцени на претходната акција. На пример, медицинарите често ја користат оваа фраза со пациентите – лекарот ќе го повика пациентот по операцијата за да види како заздравува. Често се случува да се заборави да се одреди „follow up“, онака како што сме предвиделе, а тоа најчесто е заради недоволна организираност, заборавеност, гужва во активностите. Практичарите велат дека коренот на проблемот при неодредувањето на „follow up“ се заснова на недостаток на верба во постапките, ако не се верува во успешниот исход или пак недоволната доверба во она што се претставува или, пак, се определува за да се продолжи комуникацијата. Најчесто се прават повеќе пропусти при „follow up“, кои во практика се сметаат дека се „смртни гревови“.

Кои се грешките кои треба да се избегнуваат при „follow up“, што е она што го прави овој израз мошне ефикасен во комуникацијата? Ги има повеќе, но во ова пригода ќе спомнеме три грешки кои се можеби најважните за да се избегне да не затаи ефикасноста во комуникацијата.

**Немојте да кажете дека ќе направите нешто, а потоа да се откажете –** Многу е едноставно. Ако сте ветиле дека ќе направите нешто и ќе го реализирате, тоа треба да го направите. Тоа говори за вас лично. Без оглед дали тоа што сте го ветиле е големо или мало во вашите очи, ако сте ветиле дека ќе го реализирате, немојте да пропуштите да го завршите. Немојте да се однесувате во стилот „ќе го реализирам кога ќе имам слободно време“, односно кога нема да бидам зафатен/а. Никако не го пролонгирајте времето за реализација. Вашиот потенцијален соработник/клиент, ќе го очекува тоа од вас. И, всушност, тоа ќе биде добар „follow up“ за вас. Класичен пример за ова би било – ако некому ветите дека ќе му се јавите на телефон за еден час тогаш повикајте го, или ако мислите дека ќе заборавите, тогаш ставете аларм за потсетување. Кога сте точни, тоа говори за вашата професионалност во комуникацијата.

Доколку не се јавите, тогаш вашиот „follow up“ не е на високо ниво и доволно говори за вас и за вашата (не) професионалност.

Она што во овој случај е многу важно е да не ѕвоните многу пати бидејќи може да делува очајнички. Ако не ви се јават на вашиот повик во договореното време, почекајте малку да ве повикаат повратно. Доколку и следниот ден не ви се јават кога ѕвоните, пратете смс-порака со потсетување дека сте биле договорени да се слушнете и дека се надевата оти сè е во ред со комуникацијата, затоа што сметате дека луѓето имаат некакви обврски и дека ви е приоритет споделувањето на информацијата, со цел да го добиете нивното внимание.

Набљудување на луѓето – Кога се користи „follow up“ не треба да се настапува во стилот „дали сте подготвени“. Ваквиот пристап не е поволен во комуникацијата. Луѓето најчесто ги привлекува она кое што во моментот не можат да го имаат. Важни се новостите што треба да ги пласирате, но треба да знаете и каков да биде пристапот при нивното пренесување. Можете да ѕвоните повеќепати, да пишувате, но доколку не забележите повратен одговор кај луѓето, ќе се загуби ентузијазмот, ќе нема доволно простор за доверба. Најпрво можеби лицата ќе бидат незаинтересирани, но дајте им простор и време за размислување и одржувајте ја суптилно комуникацијата.

**Не се фокусирај те на погрешни луѓе –** Одредени лидери сметаат дека „follow up“ треба да се работи сè додека личноста не се вклучи. Тоа, според нашите согледувања, не е точно. Нема полошо од изгубено време со погрешни луѓе. Потребен е цврст став – барам последен пат и потоа оставате простор да согледаат што пропуштиле. Потоа продолжувате кон нова листа. Секој може да биде потенцијален соработник, партнер, бидејќи ништо не изгубено. Се губи време ако останете фокусирани на еден дел, а комуницирајќи со што повеќе лица можете да ја остварите својата цел кај други. Важно е да се фокусирате на реализација на зацртаното, да откриете кој го прифаќа вашиот „follow up“ и да најдете поддршка во остварувањето на комуникацијата.

Се надеваме дека ова кусо, но многу значајно излагање за изразот „follow up“ многу ќе ви помогне за сфаќање на неговата суштина и неговата честа употреба во комуникацијата во модерното општество.

Каролина Мицевска
Зоран Василески



# Кузман Јосифоски-Питу
## Народен херој од Прилеп

Кузман Јосифовски-Питу е прогласен за народен херој на Југославија на 2 август 1945 г., како еден од првите борци од Македонија кои го добиле тоа одликување

Кузман Јосифовски-Питу бил роден во Прилеп,на 23 јуни 1915, а загинал на 25 февруари 1944 г.. Тој бил македонски комунист, еден од главните организатори на антифашистичкото движење (1938-1941) и на НОВ во Македонија (1941-1944). Поради својата неуморна народно-ослободителна дејност многу луѓе го нарекуваат Гоце Делчев на НОБ. Студирал на Универзитетот во Белград каде бил еден од предводниците на напредната студентска младина. Станал член на КПЈ во 1938 г.. Бил еден од организаторите на студентско друштво „Вардар“ и на македонското национално движење МАНАПО. Од 1939 г. бил испратен на партиска работа во Прилеп каде бил поставен за секретар на Месниот комитет на КПЈ. Бил организатор и учесник на повеќе национални манифестации и демонстрации за подигање на национално-револуционерната свест за продолжување на ослободителната борба против окупаторскиот режим. Поради несогласување со политиката на Методија Шаторов-Шарло бил исклучен од Партијата. Бил говорник на Илинденската демонстрација (1940), на која била барана промена на режимот, национално-политички права, ослободување на Македонија и др. Од 1940 г. член бил на ПК на КПМ, на Главниот штаб, на ЦК на КПМ и на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ. Во октомври 1941 г. Кузман Јосифовски-Питу земал активно учествувал во организирањето и дејствувањето на првиот прилепски партизански одред, кој почна со нападот на участокот на 11 октомври 1941. Неговата активност во 1942 г., е забележана во западните делови на Македонија, каде успева да ги возобнови старите и да оформи нови ограноци низ Тетово, Гостивар, Мавровско, Дебар, Кичево и Струга.



Тој е еден од иницијаторите за издавање на партискиот леток „Востаник", кој подоцна е преименуван во „Братство". Весникот претставувал единствен весник во тој период кој излегувал со статии напишани и на македонски и на албански јазик, бидејќи бил дистрибуиран низ региони каде живееле и Македонци и Албанци. По Преспанското советување на 2 август 1943 г. дошол во Скопје да раководи со борбата на македонскиот народ, во заднината на фашистичкиот окупатор. Упорен борец за создавање на самостојна македонска држава, во својата илегална работа патувал честопати во западните делови на Македонија, тогаш окупирани од Италија.

Во текот на бугарската окупација на Македонија живеел илегално во населбата Буњаковец. Во февруари му било кажано дека бугарската полиција дознала за неговата активност и тој морал да замине во партизани. Но, на 25 февруари 1944 г. при обидот да го напушти Скопје, во Козле во близина на некогашната фабрика „Алумина“ бил убиен од бугарски војник. Таму денес постои спомен-плоча. Според некои информации, постоела телеграма на црногорскиот раководител Светозар Вукмановиќ-Темпо до Тито во која тој барал Питу по секоја цена да се тргне од АСНОМ, а тоа негово барање било засилено особено по Преспанското советување одржано на 2 август 1943 г., каде Кузман Јосифоски се залагал за формирање на македонски партизански одреди и во останатите делови на етничка Македонија и нивна заедничка борба со Македонците од Вардарска Македонија, за целосно ослободување и обединување на Македонија.

Во центарот на неговиот роден град Прилеп веднаш до Музејот на 11 октомври (поранешниот бугарски участок), постои негов споменик од мермер, а во Скопје постои споменик во студентскиот дом кој го носи неговото име, а има уште една спомен-плоча на Кузман Јосифовски-Питу, во дворот на бугарската амбасада.

Антоанела Димитриевска



# Василиј Иванович Суриков

## Реалистични прикази на страдањата на рускиот народ

Василиј Иванович Суриков е руски сликар, претставник на руската реалистична школа од втората половина на деветнаесеттиот век. Роден е во старо семејство Козаци Јенисеи, кое потекнува од донските Козаци што се населиле во Сибир. Неговиот татко бил државен чиновник. Во 1854 година, како резултат на прераспоредување на неговиот татко, семејството се преселило во селото Сухобузимскоје, каде што го започнал своето основно образование. После смрта на неговиот татко, семејството се вратило во Краснојарск и биле принудени да го изнајмат вториот кат од својата куќа за да преживеат финансиски. Тој започнал да црта додека одел во окружното училиште и бил охрабрен од локалниот наставник по уметност. Поради финансиската состојба на неговото семејство, Суриков немал можност да го продолжи образованието, па така тој се вработил како службеник во



државната канцеларија. Ова го довело во контакт со Павел Замјатин, гувернер на Јенисеј, кој успеал да најде покровител кој ќе му овозможи на Василиј понатамошна наобразба. Тој покровител бил локален трговец кој поседувал неколку мали рудници за злато, Пјотр Кузнецов. Во 1868 година Василиј Суриков, јавајќи на коњ стигнал во Санкт Петербург за да се запише на Царската академија на уметностите, но не успева да се квалификува на приемниот испит, па се запишал на студии во школата за цртање на Царското друштво за поттикнување на уметностите. По една година помината таму, му било дозволено да посетува ревизорски часови на Академијата, каде што 1869 година станува редовен ученик. Од 1869 до 1875 година учел кај Павел Чистјаков, Богдан Вилевалде и Пјотр Шамшин, освојувајќи неколку награди. Неговото големо внимание кон композицијата му го донело прекарот „Композиторот". Во 1875 година, тој дипломира и се стекнува со звање уметник од прв степен.
Во 1877 година, тој добил налог за сликање мурали во катедралата „Христос Спасител" (тогаш сè уште била во изградба), така што се преселил во Москва.
После тоа, тој избрал да остане во Москва и да ја започна серијата историски слики што ќе ја утврдат неговата репутација, почнувајќи од „Утрото на егзекуцијата стрелци".
Во 1881 година, тој ја имаше својата прва изложба со „Педервижники". Во 1883 година, сликата „Меншиков во Берјозово", ја откупил Павел Третјаков за сума што му овозможила на Василиј да направи европска турнеја. Во 1887 година, тој почнува серија на портрети .
Во 1888 година, после смртта на неговата сопруга, тој се враќа во Краснојарск со своите ќерки. Таму ја слика својата најсветла слика „Фаќањето на снежниот град".
Потоа следува посета на домот на неговите предци во Сибир. Таму, на реката Об, тој прави скици за едно од неговите најпознати дела „Освојувањето на Сибир" од Јермак Тимофеевич (настан во кој учествуваа некои од неговите предци). Ова му носи полноправно членство во Царската академија.
Во 1897 година, тој ја посетува Швајцарија, каде инспириран од пејсажите на Алпите, слика сцена од еден од најнеобичните маневри во воената историја со наслов „Суворов, преминувајќи ги Алпите". Сликата веднаш е откупена од царот Николај Втори.



Во 1907 година тој го напушта Педервижники и се приклучува на Сојузот на руски уметници. Три години подоцна, тој ја посетил Шпанија, заедно со неговиот зет, Пјотр Кончаловски. Истата година, тој и архитектот Леонид Чернишјов, отвориле уметничко училиште. Наредните години живее во Краснојаркс каде што слика класични пејсажи, но во тој период заболел од хронично коронарно заболување. Патувањето на Крим и лекување во 1915 година не му го подобриле здравјето и тој починал на почетокот на следната година по враќањето во Москва.

За големината и значењето на сликарството на Василиј Суриков кажуваат следните нешта: во 1948 година, на 100-годишнината од неговото раѓање, неговиот имот во Краснојарск станува музеј каде и се подигнати во негова чест два споменика, во 1954 година и во 2002 година. Снимен е и биогравски филм во 1959 година, напишан од Емил Брагински, а режиран од Анатолиј Рибаков, со Евгени Лазарев како Суриков и Лариса Кадочникова како Елизабет. По него се именувани бројни улици и плоштади низ цела Русија, како и еден кратер на Меркур.

Трајче Чатмов





# „Скриен живот“

*„Добрината која расте на овој свет е делумно резултат на дела кои не се историски и фактот дека нештата во светот не се толку лоши колку што постоела закана да станат, делумно се должи на оние кои живееле тивок, скриен живот и почиваат во непосетени гробови.“*

Оваа реченица на Џорџ Елиот фигурира како епилог на филмот „Скриен живот“ на режисерот Теренс Малик, кој е инспириран од вистински, за многумина непознат настан поврзан со човек од Втората светска војна. Филмот е посветен на тивката лична борба на Франц Јагерстатер, 36-годишен селанец кој живеел тивок и хармоничен живот во едно од планинските села на Австрија со својата сопруга Фани и трите ќерки, сè додека еден ден, во 1943 година, не добил покана за регрутација во германската војска. Како тивок, но непоколеблив опонент на политиката и злоделата на Хитлер, овој силно принципиелен човек одбил да се бори за нешто што е спротивно на неговиот здрав разум и верувања, а уште повеќе да даде заклетва за лојалност на Хитлер. Таа негова бунтовност секако нема да остане незабележана од нацистите кои секое поткопување на Хитлеровиот хегемонизам, како и во секој диктаторски режим, така и во фашистичкиот, мора да го казнат соодветно, без отстапки, за да биде пример за другите. Ова е филм за еден херој од оној вид за кој ретко досега се одвојувало простор на филмското платно, но чии дела биле далеку од безначајни.

## Епопеја за истрајноста и вистината

„Скриен живот“ е една топла приказна полна со емоции, приказна за еден човек кој е верен на самиот себе, на Бога, на вистината и на љубовта. Додека луѓето во војна честопати се соочени со предизвикот да не го погазат сопствениот збор и идеали во замена за животот, и во најголемиот број случаи паѓаат на тие идеали, Франц е токму спротивност на таа практика. Но, кој е всушност Франц Јагерстатер? Тој е млад бунтовник, роден и израснат во мало планинско село во Австрија, кој еден ден ја запознава младата Франческа со која ќе оформи семејство и ќе имаат три деца. Со почетокот на бракот, младешката бунтовност на Франц почива во едно затворено поглавје на неговиот живот. Сега Франц е земјоделец и сточар, многу почитуван во селото, но и многу побожен. Семејството Јагерстатер поседува ниви и добиток кои вредно ги работат и им го носат лебот, а нивната добрина и позитивен дух се забележливи во месноста и во црквата која е центарот на



сите збиднувања. Сето тоа ќе се промени со разгорувањето на војната, која задира во сите навидум изолирани и скриени места и која еден ден ќе тропне и во малото село во Австрија преку поканите за регрутација во нацистичката војска кои стигнуваат на адресите на сите способни мажи во селото. Тогаш започнува борбата на Франц со нацистите, со себеси и со соселаните и неговите дотогашни пријатели. Франц не сака да го поддржи Хитлер и да биде дел од неговата војска. Притисокот полека се таложи, најпрво со секое доаѓање на поштарот во селото и очекувањето на писмото со кукаст крст адресирано до него, потоа со среќавањето на селаните кои почнуваат во селото да се поздравуваат со „Хајл Хитлер“, а Франц срдечно ги поздравува со „добар ден“... Во домот на Јагерстатер паѓа превезот на мачнината која ја носи очекувањето на најлошото… Франц е сигурен дека она што Хитлер го прави не е исправно и неговата чест, човечност и побожност не му даваат да биде дел од таа приказна, иако знае дека казната ќе ја плати со неговиот живот. Притисокот кој се создава околу него да даде заклетва за поддршка на Хитлер расте и доаѓа од сите страни, но наместо да го скрши овој човек, неговата волја секој ден е сè посилна и поблиску до принципите на католицизмот и неговата верба во Господ, а подалеку од крвавото лице на војната.

## Смртта пред покорноста

Теренс Малик раскажува приказна која е далеку од површна, која бара концентрација и проникнување во филозофијата на човековите размислувања, кадешто како спротивности се сретнуваат оние кои се претопуваат во масата и имаат поданичка природа, дури и на злото, наспроти оние кои се верни на самите себе и на добрината и хуманизмот, оние на кои душата не им дозволува да практицираат нешто кое не го признаваат и прифаќаат. Оттука доаѓа и револтот на селаните кон семејството Јагерстатер. Откако Франц е затворен во затвор во Берлин поради тоа што одбива да се заколне на лојалност на Хитлер, статусот на неговата сопруга и деца во селото се менуваат. Нивните поседи се ограбувани, таа е омаловажувана, децата буквално се каменувани, само поради тоа што тој одбива да земе пушка во раце. Борбата на Франц не е само искушение за него додека е измачуван во затворот за да се



предомисли и да се скрши неговата волја, тоа е борба на сите негови поддржувачи кои се оцрнети како да го носат на нив неговиот „срам“, а не неговата храброст. Франц има многу шанси да се предомисли, да потпише заклетва на нацистичкиот режим и да стави крај на сето измачување и да се спаси себе и семејството. Но, како што вели и тој самиот, „кога човек еднаш ќе направи зло, не може да избега од тоа и повторно да го избели својот живот. Можеби ќе сака да го врати времето назад, но нема да може. Јас го имам тоа чувство во себе дека не можам да направам нешто што мислам дека е погрешно“.
На тој пат кон смртта, но и спасот од репресијата на фашистите, Франц ја има поддршката на неговата сопруга која „дава одобрување“ во неговите денови пред смртта да прави како што срцето му кажува и да остане верен на себе, иако знае дека тоа значи оти тоа е нивната последна средба пред осудата да биде спроведена на сила и тој да биде обезглавен.

## Поетична внимателно скроена драма

Филмот изобилува со прекрасни зелени пејзажи од планинските предели на Австрија, надополнети со музиката на Џејмс Њутн Хауард и зборовите од писмата кои ги разменуваат Фани и Франц додека тој ја очекува својата смрт во ќелијата во затворот во Брандербург, кои нема да остават никого рамнодушен. Зелените полиња како контрапункт на сцените во темната и студена ќелија. Ова е втор воен филм на Теренс Малик после „Тенката црвена линија“ и филм кој поминал три години во процес на видеомонтажа, за да резултира со овој висококвалитетен тричасовен производ. Иако Втората светска војна е во центарот на случувањата во филмот, во него нема да видите бојно поле, конфронтација на спротиставени војски, па дури ниту еден испукан куршум. Ова е филм кој навлегува во филозофијата и психологијата на човекот кој е соочен со тиранијата на еден воен режим што ги уништува сите кои ќе застанат на неговиот пат. Бидејќи нашиот осврт на овој филм го започнавме со последната реченица од филмот, текстот ќе го завршиме токму со првата, најавна реченица, а тоа е мислата на Сорен Кјеркегор, дека „со смртта на тиранинот умира и неговото владеење, но, со смртта на маченикот, започнува неговото владеење“. Смртта на Франц е симбол на непокорност, нескршливост и хероизам, на идејата дека има поголеми вредности во светот од животот на еден човек но, дека смртта на еден човек, без разлика колку тој бил непознат и незначаен, може да биде искра на надеж за победа на вистината.

Елена Ѓорѓиевска



**Режија и сценарио:** Terrence Malick

**Улоги:** August Diehl, Valerie Pachner, Matthias Schoenaerts

**Кинематографија:** Jörg Widmer

**Монтажа:** Rehman Nizar Ali, Joe Gleason

**Музика:** James Newton Howard

**Времетраење:** 174 минути

**Година:** 2019

**Земја:** САД, Германија

**Награди:** 8 награди на филмски фестивали и десетици номинации, меѓу кои и номинација за „Златна палма“ во Кан



# Црното Езеро –
## Едно од најубавите скриени ез

Црно Езеро се наоѓа на надморска височина од 2.122 метри, сместено високо во карпестите, крајни предели на Шар Планина и има специфично камено дно и неверојатно бистра вода. Езерото е наречено „скриениот црн бисер на Шар Планина“, која е прекрасна во сите годишни времиња, со највкусните шумски јагоди и со нејзините мириси од расцветаните билки и цветови.
Црното Езеро е ледничко езеро и е едно од 27-те езера на Шар Планина. Според големината која ја зафаќа, Црното Езеро е на второ место меѓу шарпланинските езера.
До езерото може да се стигне по добро обележана планинарска патека која започнува од селото Ѓурѓевиште и продолжува кон врвот Рудока.
Црното Езеро зафаќа површина од 33.520 m². Езерото е долго 248 m, а широко 185 m, со обем, односно должина на бреговите од 825 метри. Длабоко е колку и Боговињското Езеро – 2,20 метри.
Во близина на езерото се забележуваат траги на затрупано езерце, низ чиј талог сега тече поток кој се влева во езерото.
Езерската вода е бистра со темносина боја. Поради поголемата длабочина и каменестото дно, од далеку езерото има потемна (црна) боја, заради што е и наречено Црно Езеро. Вода добива од крајбрежните извори и од врнежи и топење на снегот, а ја губи со испарување и преку Матени (Матене), што се влева во реката Маздрача.
Ова езеро има голем туристички потенцијал. Секоја карпа е приказна за себе, а кога стоиш на границата меѓу Македонија и Косово, прекрасните пејсажи од двете страни прават да не го чувствуваш уморот. Гледаш и сфаќаш дека вредел секој чекор и секоја капка пот кои те довеле дотука. Уживањето е големо на таа надморска висина, а долу, покрај езерото, е вистинско летно уживање, имаш чувство како да си покрај морските брегови.

Кристина Илиевска


ера во Македонија













